МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 186
Април 2025



ISSN 1857-6710




# Продолжуваме да ја разви

Во касарната „Илинден“ во Скопје, со едноминутно молчење и со испалување на 59 почесни плутони во спомен на 59-те жртви во трагичниот настан во Кочани, беше одбележана петгодишнината од членството на нашата земја во НАТО Алијансата. Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, пред претседателката Гордана Сиљановска-Давкова, премиерот Христијан Мицкоски, командантот на Командата на здружените сојузнички сили во Неапол, адмиралот Стјуарт Манч, и останатите високи гости, порача дека на овој ден не го одбележуваме само јубилејот од членството во НАТО, туку и нашето заедништво и меѓусебна поддршка.

„Зборовите на утеха, а уште повеќе, подготвеноста да се помогне, е она што од нас, 32-те земји во НАТО прави една здружена, обединета сила, која е подготвена да им излезе во пресрет на сите земји членки“, рече министерот Мисајловски.

Министерот Мисајловски истакна дека НАТО не е само воено-политички сојуз којшто ги штити надворешните граници на земјите членки, туку е и сојуз кој има една заедничка суштина – грижата едни за други. Министерот се осврна и на професионалноста на сите 146 припадници на Армијата кои беа ангажирани за поддршка на институциите после трагичниот настан во Кочани, кои „мораа да се изборат со сопствените чувства и со тагата и професионално да одговорат на задачите“.

„И, кога секој следен пат ќе го спомнеме зборот херој, гласно треба да одекне дека Македонија во својата историја има многу херои кои го дале својот живот, но и херои кои секојдневно се меѓу нас, подготвени веднаш да помогнат, а дел од нив се, секако, и припадниците на македонската Армија“, истакна Мисајловски и додаде дека ни се потребни промени кои значат почитување на законите и градење на едно функционално, праведно и современо општество.

За придобивките од членството во НАТО, министерот Мисајловски рече дека тоа е гарант и можност за македонската економија. Одбраната ќе продолжи со силно темпо да инвестира во модернизацијата и опремувањето на Армијата, во согласност со највисоките стандарди на Алијансата.

Претседателката Сиљановска-Давкова порача дека уште од првите години на нашата самостојност и независност е изграден надпартиски консензус меѓу македонските граѓани за потребата од интеграција во НАТО како услов за создавање амбиент на мир, стабилност и просперитет на генерациите што доаѓаат. „Македонското членство во НАТО, рече претседателката, беше препознаено како врвна стратешка цел, заедно со членството во Европската Унија“.

„Меѓу нас се дел од ветераните на македонската одбрана,



# ваме нашата НАТО армија

коишто своите кариери ги посветија на остварувањето на оваа цел. Но, факт е дека за остварување на оваа стратешка цел беа вложени огромни напори и беа направени големи жртви и болни компромиси какви што не биле побарани ниту од една друга држава кандидат за членство. Најтешкиот дел од патот до НАТО беше изоден од воените и од цивилните припадници на Армијата, кои преку макотрпни реформи, континуирани воени вежби и ризични мировни мисии, стекнаа непроценливо искуство, но и голема, заслужена почит од сојузниците. За тоа сведочат бројните признанија за стручноста, компетентноста и пожртвуваноста на припадниците на Армијата од страна на нашите стратешки партнери и високи претставници на НАТО. Не случајно, како врховна командантка на вооружените сили, се гордеам со нашата армија, која е наш важен актер во НАТО", рече претседателката.

Свое обраќање имаше и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, кој навраќајќи се на трагедијата во Кочани, наведе дека при овој настан се покажала вредноста на сојузништвото, пријателството и добрососедството, нагласувајќи дека во најтешките моменти целиот регион и пошироко се мобилизираше и понуди несебична поддршка. Дополнително, генералот нагласи дека оваа трагедија покажа што значи НАТО во неговата изворна форма, изразена преку директната поддршка добиена од земјите членки.

Осврнувајќи се на идните предизвици на Армијата, генералот Лафчиски наведе: „Наша цел продолжува да биде создавање на современа, мобилна и технолошки напредна армија, армија која е кредибилен сојузник, армија која доследно ги исполнува обврските кон Алијансата и армија којашто е силно посветена на колективната безбедност".

На настанот говореше и адмиралот Манч, како највисок претставник од структурите на НАТО. Тој истакна дека нашата држава во многу наврати докажа дека е силен и способен сојузник и контрибутор. Адмиралот порача дека со декади нашите војници стоеја рамо до рамо во операциите на НАТО во Авганистан и во Ирак, а со учеството во мисиите на Косово и во Босна и Херцеговина, нашата земја ја демонстрираше својата посветеност и кон регионалната безбедност. „НАТО може да се потпре на Северна Македонија и Република Северна Македонија може да се потпре на НАТО", рече адмиралот Манч.

На одбележувањето на годишнината од членството во НАТО, за прв пат во Армијата на Република Македонија беше доделен и „НАТО Медал за будност". Овој медал им беше доделен на 326 армиски припадници кои учествуваа во рамките на мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, во Романија и во Бугарија, од јуни 2022 до декември 2024 година. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија


Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов


Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)


м-р Ксенија Митева (лектор)


Борче Лозановски (новинар)


Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит




16 18

# содржина

ШТИТ | година XV II | број 186 | април 2025

Инфо
**Одбележан 28 Март – Ден на Генералштабот на Армијата....** 6

**Одбележан 31. роденден на „Волците“....** 14

Вооружување
**Автономен тактички лесен оклопен систем „ATLAS CCV“....** 20

Вооружување
**Електронското војување и радиофреквентните попречувачи – клучни технологии за современите воени операции....** 24

Вооружување
**Еволуцијата и историјата на борбените шлемови ....** 26

Воена едукација
**Меѓународнатавоена програма за едукација и тренинг....** 29

Вооружување
**Балистички ракети....** 32

Глобал
**Улогата на ПВК при експлоатација на природните ресурси....** 38

Геополитика
**Гравитациски центар за одбрана и одвраќање- РОМАНИЈА (Втор дел)....** 40

Воена едукација
**Бајонет – помеѓу челикот и огнот....** 48

Воена историја
**Операцијата „Вилфред“ – поморска операција за блокада на увоз на железна руда....** 52

Спорт
**Прво и второ место за Спасиќ на трките од Европскиот куп....** 56

Уметниците и војната
**Франсоа-Никола Шифларт....** 59




32 46



## *УВОДНИК*

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

*Овој месец Македонија и македонскиот народ ќе го запамети по неизмерната тага која нѐ надваса сите, огромна тага која, чинам, засекогаш ќе остане врежана во колективната меморија. Трагедијата која се случи во Кочани, во која изгубивме 59 млади животи, е повик за конечно корегирање на системот и вредностите во општеството. Сите ние, како дел од него, сносиме индивидуална одговорност, но имаме и одговорност да ги исправиме сите неправилности, со цел да изградиме подобро и побезбедно место за живеење. Институциите за првпат изреагираа беспрекорно, брзо и координирано, како внатредржавно така и во координација со земјите партнери од НАТО, од ЕУ и од соседните држави, што резултираше со брзо и навремено згрижување на поголемиот број повредени во оваа несреќа.*
*Воедно, ова е и месец во кој се навршуваат 5 години од нашето рамноправно членство во најголемиот безбедносен систем, НАТО, членство за кое како држава и народ направивме големи отстапки и одрекувања , со цел подобрување на сите безбедносно политички предизвици со кои се соочуваме, од осамостојувањето па до ден-денес. Ние можеби сме мала држава, со малубројна армија, но нашата армија има квалитетен, посветен, професионален кадар, којшто е подготвен и обучен да одговори на сите предизвици и во секое време. Особено би ја истакнал најелитната единица на Армијата – Баталјонот на специјални сили, попознат како единицата „Волци“, која месецов славеше 31 година од своето формирање.*




„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# Одбележан 28 Март – Ден на Генералштабот на Армијата

Во касарната „Илинден” во Скопје, на 28 Март беше одбележан Денот на Генералштабот на Армијата. На почетокот на настанот, со едноминутно молчење им се оддаде почит на жртвите од трагичниот настан во Кочани, како и на загинатите и починатите борци за слободата на Македонија. Потоа, на голем број припадници на воениот и на цивилниот персонал на служба во Армијата, им беа доделени признанија, плакети, значки, награди и пофалници за вложениот труд и остварените резултати во функционалното и борбеното оспособување на својата единица и команда.

Далечната 1992 година Република Македонија ја презеде контролата на целата своја територија со своја војска. На 28 март 1992 година е преземен и Генералштабот, кој започнал со реализација на своите функции и одиграл клучно значење за формирање на Армијата. Во остварувањето на одбраната на државата, Генералштабот ги врши оперативните и стручни работи во делот на организирање, подготвување и командување со Армијата. После воената интеграција во НАТО Алијансата, на Генералштабот му претстојат нови обврски за чие професионално исполнување е потребно рационално да се искористат сите постоечки капацитети во државата. Генералштабот има голема улога во планирањето активности за трансформација на Армијата, нејзина модернизација и опремување, обучување на персонален менаџмент, со цел создавање кадар преку школување, стручно оспособување и усовршување, за да може да одговори на потребите на НАТО Алијансата.

Во своето обраќање, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, изрази најдлабоко сочувство и почит за жртвите во катастрофалниот пожар во Кочани, истакнувајќи дека „нивната загуба е неизмерна болка за нивните семејства, за нас како нација и за идните генерации“. Генерал-мајор Лафчиски им оддаде јавно признание на сите оние коишто беа ангажирани во поддршката на институциите при справувањето со последиците од трагичниот настан, при што ја потенцираше важноста на Генералштабот за беспрекорно планирање, организирање, подготвување и командување со Армијата. Пред присутните се обрати и министерот за одбрана, Владо Мисајловски. „Во моментов Македонија го живее можеби најтешкиот период од нашата независност. Изминатите три декади се боревме за признавање, за зачувување на нашата самобитност, на нашата култура и традиции. Денеска се бориме со сопствените чувства, понесени од неизмерна болка што ја чувствува секој од нас. Се бориме со чувството на тага, жал и убедени сме дека секој од нас во овие мигови треба да направи повеќе и подобро за Македонија. Во оваа држава секој мора да го почитува правото и правата на другите“, истакна министерот Мисајловски, упатувајќи благодарност до сите припадници на Генералштабот за нивната посветеност, неуморност и професионално извршување на задачите и одговорностите, со што покажаа како се сака сопствената држава.

На настанот присутни присуствуваа и заменикот-началник на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, директорот на Генералштабот, бригаден генерал Орце Јордев, други генерали, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, како и други гости. ■



# Седница на Мешовитиот комитет по Договорот за економска и индустриска соработка со Република Чешка

Државниот секретар во Министерството за одбрана, Елизабета Чуповска-Ристова, во Прага, Република Чешка, учествуваше на третата Седница на Мешовитиот комитет за економска и индустриска соработка помеѓу владите на двете држави, каде ја предводеше ресорната работна група во делот на соработка во одбранбената индустрија. За време на Пленарната седница на Мешовитиот комитет, Чуповска-Ристова нагласи дека билатералната соработка во областа на воената безбедност, управувањето со персонал и стандардизација на одбраната, изминативе години успешно се реализира, и во насока на зајакнување на повеќе области од одбраната, таа посочи нови предлог-иницијативи за идниот план за билатерална соработка. На маргините на Пленарната седница, работната група оствари билатерална средба со генералниот директор на Секторот за индустриска соработка при Министерството за одбрана на Чешка, Ратка Кондерлова. За време на средбата, државниот секретар, Чуповска-Ристова, истакна дека, Министерството за одбрана и Воздухопловно-ремонтниот завод „ЛОМ-Прага“ имаат успешна одбранбена соработка во рамките на договорите склучени на ниво „влада со влада“. На средбата, меѓу другото, се разговараше и за унапредување на соработката во делот на одбранбената индустрија. Од двете страни беше потврдена досегашната успешна соработка помеѓу двете држави, како и меѓу двете министерства, и беше изразена подготвеност за проширување во областа на одбранбената индустрија. ■



# Трибина за петгодишнината од членството во НАТО

„Сега сме еднакви во НАТО, но не смееме да заборавиме дека сме сериозна земја членка од 2008 година. Уште тогаш нашето место беше во НАТО. Сега седиме еден до друг, имаме право да си го кажеме нашето мислење, но секој од вас поединечно е заслужен што Македонија е во НАТО“ рече министерот за одбрана Владо Мисајловски, обраќајќи се до претставниците на Здружението на ветераните и резервистите од областа на одбраната и безбедноста и на Дипломатскиот клуб – Скопје, во чија организација беше трибината по повод петгодишното членство на нашата земја во НАТО Алијансата, која се одржа во Домот на Армијата во Скопје. Министерот Мисајловски истакна дека од особена важност е тоа што државата издвојува 2% од буџетот за одбрана и најави дека македонската армија и понатаму ќе се модернизира.

„Триесет и два проценти од буџетот на одбраната, оваа година се директно одвоени за модернизација, а тоа ќе продолжи и во наредните години. Мошне е важно Армијата да се модернизира, да ги модернизираме нашите капацитети и, пред сé, да вложуваме во човечкиот потенцијал“ рече министерот Мисајловски и додаде дека е потребно да се разговара за регионалниот пристап, за она што е најпотребно за Армијата, во согласност со стратешките документи и целите на способност, но и да се помагаме со нашите сојузници и пријатели.

Министерот Мисајловски се осврна и на предизвиците во однос на инвестициите во објектите кои се во многу лоша состојба, при што нагласи дека се вложуваат максимални напори, сите оние капацитети кои се во надлежност на Министерството, да се стават во функција, особено оние кои се од отворен карактер, за да можат да ги користат и граѓаните. Министерот посочи дека им стои на располагање и на претставниците на здруженијата со кои има одлична соработка, во насока заеднички да се подобрат сите услови и да се постигнат поголеми успеси. ■



# „НАТО вежба за кризен менаџмент 25“

Во период од 13 до 18 март, македонската Армија беше дел од безбедносниот и одбранбен систем на државата и затоа ќе земе учество на „НАТО вежбата за кризен менаџмент 25“ („CMX 25“). На оваа вежба е планирано да се извежбаат и да се проверат сојузничките процедури за консултации и донесување одлуки во согласност со Стратешкиот концепт за поддршка на трите клучни задачи на стратегиско, на политичко и на воено ниво. Оваа вежба вклучи цивилен и воен персонал од земјите сојузнички во седиштето на НАТО штабот и во двете стратешки команди.

Како и претходните „CMX“ вежби, така и „CMX 25“ нема да вклучува распоредување на сили. Во рамките на вежбата се изврши извежбување на сеопфатни одговори на комплексни цивилно-воени сценарија во хибридна средина. „CMX 25“ вклучи и размена на персонал со Европскиот акционен надворешен сервис (European External Action Service), со Европската комисија и со Советот на Европската Унија.

„Crisis Management Exercise“ се реализира од 1992 година, а Македонија за првпат требаше да биде дел од оваа вежба во 2021 година, но поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19, вежбата беше одложена. Учеството на Армијата на оваа вежба започна од 2023 година, што значи дека нашата армија по вторпат ќе учествува на вежбата „CMX 25“. ■



# 126-годишнината од дипломирањето на Ататурк

По повод одбележувањето на 126 години од дипломирањето на Мустафа Кемал Ататурк на тогашната Воена гимназија во Битола, командантот на Командата за операции (КО), бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, имаше свое обраќање на свеченатa церемонија која се одржа во Музејот „Битола“.

Генералот Ѓоргоски во своето обраќање нагласи дека Кемал Ататурк бил и засекогаш ќе остане силна инспирација за сите воени лидери. Кемал Ататурк својата војничка генијалност ја покажал токму овде, во Битола, на почетокот на неговата едукација, а подоцна со командувањето со многу високи воени единици и составы прераснал во пример за водење вооружена борба. Генералот Ѓоргоски потенцираше дека делото на Ататурк мора заедно да продолжиме да го негуваме, затоа што во меморијата на двата пријателски народи, овој великан ќе остане запаметен како човек кој градел „мостови на мир и пријателство“, што во денешниов немирен свет ни се повеќе од потребни. Воедно, генералот истакна дека партнерството помеѓу нашата армија и Вооружените сили (ВС) на Турција е исклучително силно и тоа се гради од осамостојувањето на нашата држава.



На одбележувањето во чест на ликот и делото на Кемал Ататурк, како извонреден промотор на начелото за разбирање помеѓу народите и трајниот мир меѓу светските нации, присуствуваа: делегација од ВС на Република Турција, предводена од бригадниот генерал Рамазан Топер, амбасадорот на Република Турција во Македонија Н.Е. Фатих Улусој, претставници од военодипломатскиот кор, од Генералштабот и Министерството за одбрана. ■

# Реконструкцијата на војничкиот ресторан во Касарната во Кичево



Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со заменик-министерката за одбрана, Елфет Исмаили, заменик-началникот на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, ги посетија припадниците на 1. пешадиски баталјон на Армијата и извршија увид во градежните зафати кои се изведуваат на војничкиот ресторан во Касарната која го носи името на народниот херој „Чеде Филиповски-Даме“ во Кичево, кој долг период беше оштетен и ја загрозуваше безбедноста на припадниците на Армијата.

Врз основа на склучениот договор ќе биде извршена комплетна демонтажа, зајакнување на кровната конструкција, монтажа на нов покрив и изработка на внатрешниот таван. Сите зафати на овој објект треба да се завршат во рок од 90 дена.

Во врска со градежните активности, министерот Мисајловски рече дека, покрај оваа активност, во моментов се изведуваат уште неколку градежни активности во касарната во Штип, на Армискиот полигон „Криволак“, во Центарот за обука „Пепелиште“ и замена на кровната конструкција на повеќе објекти во касарните и магацините на Армијата. ■



# Посета на Комбинираниот центар за воздухопловни операции

Командантот на НАТО на Комбинираниот центар за воздухопловни операции „Торехон“ во Шпанија / (NATO CAOC Torrejon), генерал-потполковник Хуан Пабло Санчез де Лара, оствари посета на македонската Армија и на Министерството за одбрана.

За време на престојот во Генералштабот, генерал-потполковник Хуан Пабло Санчез де Лара, оствари средба со заменик-началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, на која се разговараше за досегашната соработка и за можностите за дополнителен развој во воздухопловните структури на НАТО. На средбата беше истакната и важноста за учеството на Армијата со штабен офицер во НАТО-комбинираниот центар за воздухопловни операции „Торехон“, како придонес за јакнење на колективната безбедност на НАТО. Во рамки на посетата, генералот Хуан Пабло Санчез де Лара оствари средба и со министерот за одбрана, Владо Мисајловски.

Мисијата за воздухопловно патролирање на нашето небо ја раководи Сојузничката воздухопловна команда на НАТО, а тактичката контрола на мисијата е под раководство на Комбинираниот центар за воздухопловни операции во возухопловната база „Торехон“ во Шпанија. Комбинираниот центар за воздушни операции е одговорен за некои од специјалните аранжмани на НАТО за воздушно патролирање, како што е патролирањето над Албанија, Црна Гора, Македонија и Словенија. ■

# Одбранбеното аташе на ЕУ во посета на Армијата



Во рамки на планираната програма за реализација на работна посета на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, директорот на Генералштабот на Армијата, бригаден генерал Симеон Трајковски, оствари работна средба со новоназначеното нерезидентно одбранбено аташе на Европската Унија за Македонија, полковник Алеш Минарик.

Директорот на Генералштабот на Армијата изрази голема благодарност за досегашната поддршка од страна на Европскиот мировен фонд (ЕМФ) за доделените средства, наменети за опремување и модернизација на Армијата, во контекст на достигнување на зацртаните цели на способности, во согласност со ДПРОС 20232032, што несомнено ги зајакнува капацитетите на Армијата за учество во операциите и мисиите во рамки на заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија и другите меѓународни мисии.

Во текот на средбата, полк. Алеш Минарик имаше можност да се запознае со моментално достигнатиот статус на развојните планови, со учеството на припадниците на Армијата на меѓународни вежби, како и со потенцијалните области и можности за идна соработка и поддршка од страна на Европската Унија во делот на зајакнување на капацитетите и способностите на Армијата.

Бригадниот генерал Симеон Трајковски нагласи дека Македонија продолжува со своето активно учество во промовирањето на мирот и безбедноста, преку нашето усогласување со заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ.

На крајот од средбата, од двете страни беше потенцирана важноста за продолжување и продлабочување на досегашната соработка.

Во рамки на посетата, полковникот Алеш Минарик оствари посета на Инженерискиот баталјон во касарната „Чојлија“, каде што беше презентирана опремата добиена од Европскиот мировен фонд. ■

# Годишни билатерални разговори со НАТО



Тим од НАТО Алијансата, предводен од високиот политички експерт и известувач за нашата држава, Стјуарт Ендрјус, учествуваше на билатералните одбранбени разговори со Алијансата. Разговорите беа посветени на плановите за развој на одбранбените способности во согласност со НАТО целите на способности, вклучувајќи ги и одбранбените планови, финансиите и човечките ресурси во одбраната.

Тимот, составен од експерти од Министерството за одбрана, предводен од државниот секретар Елизабета Чуповска-Ристова, информираше за споделувањето на товарот, вклучувајќи ги тука и инвестициите во одбраната. Во согласност со заложбата за инвестирање во одбраната, усвоена на Самитот во Вилнус во 2023 година, а која беше реафирмирана на Самитот во Вашингтон минатата година, земјава издвојува 2 проценти од бруто-домашниот производ за одбраната, односно 329 милиони евра, од кои над 32 проценти се наменети за опремување и модернизација на македонската Армија.

Пред НАТО-тимот беше потврдена заложбата на Министерството и на државата за континуирани реформи и развој на одбранбените способности во служба на националната и колективната одбрана во НАТО.

Билатералните одбранбени разговори со Алијансата се реализираат секоја година во рамките на НАТО процесот на одбранбено планирање. Процесот на спроведување на одбранбените реформи, плановите за иден развој, како и постигнатото ниво во развојот на одбранбените способности, се евалуираат преку повеќе области. ■

# Основен и напреден курс за животоспасувачи

Во период од 10 февруари до 7 март 2025 година, во Одделот за медицинска обука (ОМО) при Военомедицинскиот центар, се реализираше Основен и напреден курс за животоспасувачи.

Учество на Курсот зедоа припадници на повеќе единици од Армијата. Слушателите на Курсот, теоретски и практично совладуваа знаења и вештини за спасување животи во случај на медицинска итност, ургентен третман на повредени и заболени, тријажа, евакуација и брз транспорт до соодветна медицинска установа.

Стекнатите индивидуални способности, како и тимските капацитети за предболничко згрижување на повредени и заболени, слушателите ги презентираа на завршната вежба која беше изведена пред претставниците од Армијата, кои воедно имаа и свое обраќање при завршната церемонија. На слушателите, коишто успешно го совладаа Курсот, им беа доделени сертификати. Стекнатите знаења, вештини и техники се мошне значајни за учесниците, за нивното професионално усовршување во рамките на нивната поставеност во единиците, а воедно, овие вештини и техники се од особено значење при упатување во меѓународни операции. ■



# Конференција на европските центри за обука „СЕТС 25“

На 5-ти и на 6-ти март 2025 година се реализираше Конференција на европските центри за обука во Домот на Армијата во Скопје. Конференцијата, која е седма по ред, е организирана од страна на 7. армиска команда за обука на САД (7.АТС) и на Командата за обука и доктрини (КОД) на Армијата како домаќин и коорганизатор.

Конференцијата со наслов „Здружена стратешка обука и развој“, имаше цел да обезбеди дијалог и размена на искуства и практики помеѓу европските центри за обука за поддршка на интероперабилноста, обуката и борбената готовност. На Конференцијата работеа 4 различни работни групи во следните области: тренинг-центри за развивање и модернизација; обука и одбрана; симулации и интероперабилност и нова технологија и развивање.

На Конференцијата присуствуваа лидери од европските центри за обука, лидерите на секциите Г7/Ј7 за заеднички/мултинационални обуки и претставници на организациите кои бараа различни можности за обука.

Главни задачи кои би произлегле од Конференцијата се следните: унапредување на интероперабилноста; зголемување на борбената готовност и способност; промоција на иновации и модернизација; јакнење на соработката; поддршка на развојот на доктрини; поддршка на развојот на центрите за обука и активности за соработка на полето на безбедноста. ■

# Популаризација на воената професија

Во рамките на Проектот за популаризација на воената професија во средните училишта беа одржани информативни предавања во средните училишта во Битола, Берово и Пехчево. Условите за прием во Армијата, како да станам офицер, што нуди Армијата за професионален и личен развој, беа прашања од интерес на средношколците. Претставниците од Министерството, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје и Армијата во текот на месец март ги посетија и средните училишта во Кавадарци, Штип, Пробиштип, Виница, Демир Хисар и Скопје. ■



# Реализација на курс за инструктори

Во период од 10.2. до 7.3.2025 година, успешно се реализираше Курс за инструктори, кој се одржа во просториите за обука во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец. На Курсот учествуваа 25 слушатели, а обуката беше спроведена од инструктори од 1.пбр и вВИНГ. Целта на Курсот беше да ги подготви слушателите, со правилна методика, за обука за идни подофицери, инструктори и професионални војници, како и да се подобри нивната способност за примена на најсовремените воени техники и методологии.
За време на Курсот беа опфатени повеќе теми: техники од воената обука и инструкции, методика на тактичка обука и методика на ПВНГ.
На свечената церемонија, по завршувањето на Курсот, командантот на вВИНГ изрази благодарност за вложениот труд и посветеност на слушателите и инструкторите, нагласувајќи ги позитивните резултати и високото ниво на успешност во реализацијата на Курсот.



На настанот, исто така, присуствуваа претставници од Командата за операции и од Првата пешадиска бригада, кои ги поздравија постигнатите резултати, потврдувајќи ја важноста на оваа обука за развојот на армиските структури.
Курсот за инструктори е мошне важен за зголемување на ефикасноста и стручноста на нашите вооружени сили, кои континуирано се развиваат за да одговорат на современите предизвици. ■

# Конференција на европските центри за обука

Во присуство на министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, амбасадорката на САД, Анџела Агелер, командантот на 7.АТС, бригаден генерал Стивен Карпентер, во Домот на Армијата во Скопје започна Седмата конференција на европските центри за обука (СЕТС 25). Настанот, кој е во организација на 7. армиска команда за обука на САД (7th Army Training Command – 7. ATC), а нејзин коорганизатор и домаќин е Командата за обука и доктрини (КОД), првопотчинета команда на Генералштабот на Армијата, на едно место ги обедини лидерите од европските центри за обука, началниците на секциите за обука кои планираат заеднички и мултинационални обуки, како и претставници на организациите кои имаат потреба од различни видови обука.
На отворањето на Конференцијата, преку видеоврска се обрати командантот на Копнената војска на САД за Европа и Африка, кој е воедно и командант на NATO LANDCOM, генерал Кристофер Донахи, којшто изрази благодарност до КОД и до 7. АТС за организацијата на оваа конференција, по што истакна дека сме свесни за несигурноста и големите закани во геополитичката средина во која се наоѓаме, што значи дека мораме да бидеме подготвени. Воедно, тој нагласи дека оваа конференција претставува ретка можност и учесниците треба да ја искористат за да обезбедат мултинационално тренинг-опкружување.



Началникот на ГШ на Армијата, во своето обраќање наведе дека оваа конференција служи како платформа за соработка и дијалог меѓу европските центри за обука, со заедничка заложба да се зајакне интероперабилноста, обуката и подготвеноста.
Командантот на 7. АТС, генералот Карпентер, рече учеството на 95-те претставници од 24 различни нации, е еден од најголемите настани од ваков вид досега, нагласувајќи и дека на ваквите конференции е особено важно да се градат партнерства, како и да се инвестира во персоналот, во насока на подготовка на соодветни тренинг-центри за обука.
Командантот на КОД, полковник Васко Коколански, се заблагодари за укажаната доверба да бидат коорганизатори на оваа важна конференција која, всушност, претставува трета ваква конференција која се организира надвор од СР Германија. Тој наведе дека ова претставува јасен доказ за цврстата определба за градење доверба и интероперабилност помеѓу сојузниците и партнерите.
Годинашнава конференција, која се водеше под наслов „Здружена стратешка обука и развој“ (Unified Strategic Training and Development), обезбедува платформа за дијалог и размена на искуства и практики помеѓу европските центри за обука за поддршка на интероперабилноста, обуката и борбената готовност во четири одделни области: развој и модернизација на центрите за обука, „паметна обука и одбрана“, симулации и интероперабилност и нова технологија и развој. Во рамките на Конференцијата, посебен акцент се даде на постигнувањето на следниве задачи: унапредување на интероперабилноста, зголемување на борбената готовност и способност, промоција на иновации и модернизација, зајакнување на соработката, поддршка на развојот на доктрини, поддршка на развојот на центрите за обука и на активностите за соработка на полето на безбедноста. Оваа дводневна конференција, на која за прв пат сме домаќини и чиј период на одржување се совпаѓа со петгодишнината на нашиот прием во НАТО Алијансата, претставува признание за нашата армија, за нејзината посветеност кон зацврстување на заедничките цели со Алијансата за градење доверба и подобрување на обуката. ■

# Министерот Мисајловски со унгарскиот колега Салај Бобровници на Владиниот самит во Будимпешта

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, оствари билатерална средба со својот унгарски колега Кристоф Салај Бобровницки во рамки на унгарско-македонскиот Владин самит кој се одржа во Будимпешта, Република Унгарија.
„Ова е уште еден значаен чекор кон побезбедна, посигурна и просперитетна иднина за граѓаните на двете држави, за Регионот и за Европа“, беше констатирано од страна на двајцата соговорници.
Министерот Мисајловски во оваа прилика додаде дека е потребно да се искористи секоја можна соработка која ќе придонесе за проширувањето, развојот и продлабочување на односите меѓу двете земји. „Еден од најважните критериуми за развој е зачувување на мирот, безбедноста и стабилноста. Токму затоа е потребно заеднички да продолжиме да вложуваме во јакнењето на регионалната безбедност, за да можеме поефикасно да се справиме со предизвиците со кои се соочуваме“, истакна министерот Мисајловски и додаде дека е особено горд што одбранбената соработка со Унгарија се интензивира, особено по потпишувањето на Планот за билатерална соработка меѓу двете земји. „Ние не сме само набљудувачи на сегашноста, туку архитекти на подобра и посигурна иднина. Активностите кои се опфатени со Планот се доказ за сериозната посветеност меѓу двете министерства и армии. За нас е од особена важнос можноста за размена на искуства и знаења кои двете земји ги нудат во насока на



зајакнување на човековите капацитети“, потенцираше Мисајловски.
Унгарскиот министер, Салај Бобровницки, на оваа средба кажа дека се отвораат нови можности за процесот на набавки и развој во делот на одбранбената индустрија преку договорот „Влада со влада“, можноста за набавки на воена опрема од страна на унгарски производители, како и за интензивирање на соработката во процесот на обука и вежби за припадниците на специјалните сили и армиите воопшто.
За време на состанокот се разговараше и за Меморандумот за разбирање помеѓу двете институции, кој е во завршна фаза на усогласување, а кој ќе биде дополнителен импулс во градењето на меѓусебната соработка. ■



# Државниот секретар на средба со амбасадорката на Данска

Државниот секретар Елизабета Чуповска-Ристова во Министерството за одбрана се сретна со амбасадорката на Данска акредитирана за нашата земја, Пернил Далер-Кардел, со која разговараше за развојот на одбранбената соработка во духот на сојузништвото помеѓу двете земји членки на Алијансата.
„Нашите две земји, како членки на Алијансата, споделуваат исти цели и вредности – мир, безбедност и демократија. Нашата заедничка посветеност кон безбедноста на секоја педа од територијата на НАТО, е уште еден поттик билатералната одбранбена соработка да ја подигнеме на уште повисоко ниво“, рече Чуповска-Ристова на состанокот.
Данска, со потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу двете земји во 2010 година, кој е и основа на соработката, го поддржува развојот на одбраната и на нашата армија преку спонзорирање во развојот на армискиот полигон „Криволак“, како и во доменот на информатичката технологија и школувањето на македонски офицери на Балтичкиот одбранбен колеџ. ■







# ОДБЕЛЕЖАН 31. РОД

Баталјонот на специјални сили (БСС), специјалната единица во состав на македонската Армија, позната како „Волци“, минатиот месец го прослави својот 31. роденден. Нашата прва, најелитна, специјална и професионална армиска единица, е формирана на 1 март 1994 година. По тој повод во касарната „Илинден“ се одржа воена свеченост на која присуствуваа министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, актуелни и поранешни генерали во Армијата и голем број други гости.

Министерот Мисајловски во своето обраќање им се заблагодари на припадниците на единицата за нивниот професионализам, посветеност, пожртвуваност и патриотизам, квалитети кои особено се инспирација за младите кои сакаат да ѝ се приклучат на Армијата.

„Вие, со сите овие карактеристики за една елитна едница, на овој начин ја искажувате огромната љубов кон својата татковина, Македонија. Не само што од вас зрачи професионализам, од вас зрачи подготвеност континуирано, преку секојдневните обуки, да бидете уште подобри и поефикасни. Во тоа се гледа и вашата големина, неуморно да работите на себе и на сопствените вештини кои се во служба на безбедноста на сите граѓани“, рече министерот Мисајловски и додаде дека припадниците на специјалната единица секогаш се најдобри, најспособни, најобучени, што се потврдува при секое оценување.

Началникот на Генералштабот на Армијата, генералот Лафчиски, во своето обраќање им оддаде јавно признание на сите поранешни припадници за нивната работа и придонес со кој се овозможи градење на единицата и истакна дека, да се биде и да се остане секогаш на врвот не е лесна задача.







# ЕНДЕН НА „ВОЛЦИТЕ“

„Вие сте прва единица која ги постави темелите за имплементација на НАТО стандардите, прва единица од Армијата одликувана со Орден за воени заслуги, прва единица која своето знаење безрезервно го дели со останатите во Армијата и со партнерските држави. Да се биде прв е престиж, но да се биде прв и да се остане прв, е ваша обврска и аманет“, истакна генералот Лафчиски. Свое обраќање имаше и командантот на Баталјонот за специјални сили, потполковникот Благој Наумов. Тој истакна дека оваа единица, која е составена од избрани, храбри и силни припадници, е столб на слободата, сувереноста и територијалниот интегритет и дека Баталјонот отсекогаш бил и ќе остане расадник на квалитетни кадри, а како доказ за ова е фактот дека од неа се произлезени многу команданти, генерали, функционери и лидери на раководни позиции.

„Продолживме по патот што беше започнат од нашите претходници, се надоградуваме, се усовршуваме, и сега може да се каже дека гордо стоиме рамо до рамо со нашите НАТО партнери, притоа чувајќи ги вистинските национални вредности“, рече потпоковникот Наумов.

На свеченоста, од страна на Баталјонот на специјалните сили, им беа доделени плакети на министерот за одбрана и на НГШ на Армијата, како и на Канцеларијата за соработка во одбраната на САД (ODC), за 30-годишната соработка со Армијата на САД.

Покрај тоа, по повод Денот на Баталјонот на специјални сили, со стимулативни мерки беа наградени дваесетина припадници на единицата „Волци“, коишто се истакнале во работата изминатиов период. ■



## Центар за одгледување и дресура на службени кучиња

# Чувари на безбедноста и на јавниот ред

Пишува: Борче Лозановски

Во касарната „Ѓорче Петров“ во Скопје, веќе 32 години постои Центар за одгледување и дресура на службени кучиња (ЦОДК). Откако беше формиран во 1993 година, Центарот почна да функционира веќе наредната година, а пополнувањето со службени кучиња беше завршено во 1995 година. Центарот за одгледување и дресура на службени кучиња е реновиран во 2009 година, со американска донација.

„Станува збор за македонски ‘производ’, а откако се увиде дека имаме потенцијал, беше поддржан и поттикнат со странски вложувања“, ни кажа на почетокот на разговорот командантот на ЦОДК, потполковник Горан Николовски.

Мисија на единицата во Центарот е одгледување и дресура на кучиња за различни намени, како и оспособување на инструктори за обука и војници за водачи на службени кучиња за потребите на Армијата.

„За нејзино остварување, девет инструктори-дресери на кучиња и 11 војници, персонал работат со 100-тина кучиња од четири раси (германски овчар, шарпланински овчар, лабрадор и белгиски овчар „малиноа“), а се работи на пет полигони: полигон за обука на млади кучиња, полигон за обука на возрасни кучиња, полигон за обука на кучиња за откривање минско-експлозивни средства и полигон за обука на кучиња за елементарни непогоди и препреки за кондицирање на кучиња“, изјави потполковникот Николовски.

Инаку, постојат три вида на обука: 1. обука на кучиња-чувари, 2. обука на кучиња за патрола и 3. обука на кучиња за специјални намени (за откривање на мини, на експлозивни материи и муниција, кучиња-трагачи и кучиња за пронаоѓање на повредени лица при елементарни незгоди).

За реализацијата на обуката на кучињата од различни категории, Центарот има оспособен персонал дресери кои се шко-



лувале во Италија, во Турција и во САД. Времетраењето на обуката на кучињата е од еден до шест месеци.

„Најкратката обука, од еден месец, е обуката за кучиња-чувари, наменети за обезбедување на објекти и имот. Три месеци трае обуката за обучени патролни кучиња (за потребите на специјалните сили на АРМ и МВР), додека обуката за кучињата за специјална намена (за откривање на мини, на експлозивни материи, на изгубени лица во терenski услови, за пронаоѓање на повредени лица при елементарни незгоди), трае од 4 до 6 месеци“, нè информираше првиот човек на Центарот за одгледување и дресура на службени кучиња.

За кучињата се обезбедени сместувачки капацитети како боксови за приплод, котилиште, боксови за групно сместување и индивидуални боксови, а тука е и ветеринарната амбуланта во чиј состав има ординација за преглед на животни, хируршка сала, лабораторија и ветеринарна аптека.

Според сегашните можности, службените кучиња се обучуваат за борба против диверзантско-терористички групи или против поединци, за обезбедување на објекти и лица во Армијата, за пребарување на терен, за откривање на минско-експлозивни средства, како и за откривање на повредени лица при елементарни незгоди.

Мошне значајна е и соработката на Центарот со други структури во Македонија. Центарот има склучено меморандуми за соработка со Министерството за внатрешни работи (МВР), Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) и со Кинолошкиот сојуз. Покрај тоа, освен за потребите на



Армијата, во задачи на Центарот спаѓа и поддршката на други институции за пополнување со службени кучиња за потребите на МВР и на Министерството за правда (МП). Дополнително, армиските кучиња се ангажираат и за потребите на МВР и на МП за пронаоѓање на изгубени лица.

„Освен на македонска територија, досега сме биле дел и од спасувачки акции во странство, како што беше пред две години по големиот земјотрес во турскиот град Кахраман Мараш. Таму бевме со двајца инструктори и со две кучиња, а за овој професионален ангажман добивме пофални зборови и голема благодарност“, истакна потполковникот Николовски.

За професионалноста, пожртвуваноста и посветеноста во одгледувањето и дресурата на кучињата, како и за оспособувањето на инструктори и војници за водачи на службени кучиња, членовите на оваа армиска единица неодамна добија пофалби и благодарност и од министерот за одбрана, Владо Мисајловски. Министерот, после, како што кажа и самиот, импресивната презентација на обучените службени кучиња во акција, рече: „Центарот има клучна улога во зачувувањето на безбедноста и на јавниот ред, а нивната посветеност во обуката на кучиња за откривање наркотични супстанции, заштита на јавни личности и спасувачки мисии, заслужува огромно признание. Упатувам голема благодарност до сите припадници на оваа единица за нивниот професионализам и пожртвуваност“.

Овие зборови, според потполковникот Горан Николовски, претставуваат поттик за уште поуспешна работа и уште поголеми резултати во иднина, кога се планира активностите на единицата да бидат збогатени и со обука на службени кучиња за потрага по опојни droги, како и зголемување на бројот на инструктори и персонал. ■






# Воената академија на „Саем за образование 2025“

## Популаризација на воената професија



Александар Грижев

Во рамките на активностите за популаризација на воената професија кои се реализираат од страна на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, зеде активно учество на „Саемот за образование 2025“, кој се одржа на 15 март во Скопје, „Сити мол“.

Оваа година, во пресрет на 30-годишниот јубилеј на Академијата, интересот за военото образование беше особено изразен. Средношколците и студентите имаа можност да се запознаат со студиските програми, со критериумите за упис и со перспективите на кариерата што ги нуди Воената академија. Нашите питомци, заедно со дел од професорскиот кадар, одговараа на прашањата кои ги поставуваа заинтересираните идни студенти и споделија искуства од своето образование и обука, претставувајќи ја динамиката на воената професија.



Штандот на Воената академија привлече големо внимание, а особена чест претставуваше посетата на министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска, која оствари средба и кратка дискусија со деканот на Воената академија, проф. д-р Митко Богданоски, полковник. Во меѓусебниот разговор беа потенцирани важноста на военото образование и можностите што им ги нуди Воената академија на младите кои сакаат да се изградат како лидери во одбраната и безбедноста. Министерката изрази поддршка за Академијата, истакнувајќи ја нејзината улога во образовниот систем, додека деканот нагласи дека военото образование претставува уникатна можност за академски и професионален развој.

Учеството на вакви настани е мошне значајно за промовирање на воената професија, за привлекување на нови генерации питомци и за подигање на свеста за улогата на Воената академија во создавањето идни лидери.

Министерството за одбрана и Армијата ќе продолжат со вакви иницијативи, со цел да ја доближат воената професија до младите и да ги мотивираат да ја одберат оваа чест и одговорност како свој животен повик. ■



Пишува: Тони Мицевски

# Одбележан Денот од преземањето на првите караули



На 11 март, по повод 33-годишнината од преземањето на првите караули, „Рамна Нива", „Деве Баир" и „Коприва" од единиците на територијална одбрана од Крива Паланка, на 11 март 1992 година, претставници на ОРОРСМ ја посетија караулата „Рамна Нива" за да го одбележат овој многу значаен ден, кој е од историско значење за македонската армија и државност. Овој ден, поради неговото значење, Основната организациона единица (ООЕ) на ОРОРСМ од Крива Паланка го одбележува и како свој патронен празник.

На одбележувањето на овој настан учествуваше делегација на резервни офицери и подофицери од Извршниот одбор ООЕ на ОРОРСМ Крива Паланка, предводена од претседателот Зоран Милковски, придружуван од Веселин Стојановски, Видан Петровски и Бранко Велиновски. Делегацијата положи свежо цвеќе пред јарболот, каде што за прв пат на граничната караула во далечната 1992 година се развеа македонското знаме. По тој повод, Веселин Стојановски прочита пригоден реферат за значењето на 11 март, додека резервниот постар водник, Видан Петровски, кој во тоа време ја извршувал функцијата заменик-командир на караулата, евоцираше спомени од овој значаен настан. Значајно е да се напомене и дека трочлена делегација на ОРОРСМ, предводена од членот на Извршниот одбор на Градската организациона единица во Скопје, Златко Илиевски, присуствуваше на одбележувањето на овој значаен настан кој го организираше Центарот за резервни сили во касарната „Петровец", кој овој ден го одбележува како Ден на Центарот за резервни сили. ■

# Оддадена почит

Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македнија (ОРОРСМ) и Општинската организациона единица (ООЕ) на ОРОРСМ Виница, во соработка со Општина Виница, на 4 Март, Денот на ООЕ на ОРОРСМ Виница, гордо и достоинствено организираа одбелеување на 24-годишнината од загинувањето на капетанот Кирчо Димитриев, кој како припадник на безбедносните сили загина во воениот конфликт во 2001 година на 4 март во близина на Танушевци, во местото викано Рамно, заедно со водниците Дејан Јакимовски од Куманово и Теодор Стојановски од населбата Драчево. Овие тројца припадници на безбедносните сили ги дадоа своите млади животи во одбраната на татковината. Организацијата на резервни офицери и Општина Виница, во негова чест, 24 години достоинствено го одбележуваат овој датум со сите почести кои ги заслужува еден херој каков што беше капетанот Кирчо Димитриев. Воедно, им се оддаде почит и на сите бранители кои ја пролеаа својата крв за одбрана на ова парче македонска земја. Пред спомен-бистата, на присутните им се обрати претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, а потоа повеќе делегации, меѓу кои беа и претставници на потесното семејство на капетанот Димитриев, на ОРОРСМ, градоначалникот на општина Виница, припадници на Армијата, на МВР и други, положија свежо цвеќе. ■





# Конститутивно-изборна седница

На 7 март 2025 година, во големата сала на Општина Гази Баба во Скопје, со учество на 24 претставници на Собранието на ОРОРСМ, меѓу кои 23 од општинските организациони единици и еден претставник од Министерството за одбрана, се одржа 14. конститутивно-изборна седница на Собранието на ОРОРСМ. На почетокот на Седницата, присутните ги поздрави претседателот, д-р Гоце Георгиев, и повика на едноминутно молчење во чест на починатите членови на Организацијата помеѓу двете седници. Исто така, тој нагласи дека му било чест што имал можност да биде прв меѓу еднаквите и во изминатиот четиригодишен мандатен период 2021 – 2025 година да ја предводи Организацијата, период во кој се остварени голем број активности, како на внатрешен така и на меѓународен план, при што биле домаќини и на состанокот ГАМИНГ 1 во мај 2023 година. Значајно е да се напомене дека остварените резултати произлегуваат од мошне успешната соработка со МО и ГШ на Армијата, како и од одговорниот однос кон одбраната на раководствата на ООЕ на ОРОРСМ. На почетокот на работниот дел на седницата прво се верификуваа мандатите на новоизбраните членови во Собранието на Организацијата, со цел да може полноправно да се работи и да се одлучува, а потоа се пристапи кон избор на нов претседател, при што за претседател беше избран Драгољуб Столески од Кичево. По изборот на претседател се продолжи со работа, при што беа разгледани и усвоени Извештајот за материјално-финансиското работење за 2024 година и Одлуката за завршна сметка за 2024 година. ■



# Автономен тактички лесен оклопен систем „ATLAS CCV“



## Колаборативна австралиска борбена варијанта

Пишува: Идриз Идризоски

„ATLAS CCV“ е модуларно копнено возило без екипаж, произведено од страна на воздухопловната компанија „BAE Systems“ за автономни операции на бојното поле. Возилото „ATLAS CCV“ е дизајнирано да функционира автономно, на пат и на нерамен терен, а со тоа ги зголемува можностите на возилата со екипаж, како што се борбените возила на пешадијата и главните борбени тенкови. Возилото било претставено во септември 2024 година.

Колаборативната борбена варијанта „CCV“ за автономно тактички лесен оклопен систем „ATLAS“ е ново копнено возило без екипаж (UGV). Може да се употребува за мисии за извидување и надзор, за борбени крила и јуришни мисии. Возилото е дизајнирано да им обезбеди на војниците значајна предност во современите борбени сценарија, нудејќи автономна платформа, приспособена да ги извршува монотоните, опасни и напорни задачи кои преовладуваат во војувањето.

### Дизајн и карактеристики на возилото „ATLAS CCV“

„ATLAS CCV“ е возило со модуларен погон со осум тркала (8×8) со тежина од 10 тони. Може да се надградува со текот на времето за да се приспособи на технологиите и на заканите кои се развиваат.

Возилото ја користи воспоставената архитектура на автономни системи без екипаж на компанијата, која е клучна за напојување на различни авиони без екипаж, системи на возила и технологии за автономна ракетна одбрана. Дизајниран за лесен транспорт, возилото се вклопува во стандарден ISO контејнер или рамна решетка од 20 стапки и служи за подобрување на логистичките способности на постојните платформи со екипаж со проширување на нивната оперативна издржливост.

Се одликува со софистициран систем за суспензија и стабилна основа за прецизна огнена моќ. „ATLAS CCV“ располага со погонска линија на „Supacat“ со висок степен на заедништво со семејството на возила „HMT“. Тоа е опремено со системи за управување со возила, управување со мисии и системи за управување со носивост.

Возилото нуди можност за управување на сите оски со таканаречена „рак конфигурација“ (crab-walk steering), со



минимален радиус на вртење од под 13 метри. Агилноста на возилото е дополнително демонстрирана со неговата способност да совлада јаз од 2 метри, да совлада вертикална препрека од 1м, наклон од 60 ° и страничен наклон од 30 °. Исто така, се одликува со централен систем на инфлација на гуми и „run-flat“ инсерти за засилена подвижност и опстанок.

## Детали за системот за команда и контрола на „ATLAS CCV“

Системот за команда и контрола на возилото (C2) користи комуникации со мала веројатност за пресретнување, овозможувајќи ефикасно здружување на екипажот. Обезбедува човечки надзор и за операции на возила и бедем, како и за вклучување во ангажман на оружје.
Обезбедува човечки надзор и за операции на возила и за куполата, како и за вклучување во ангажманот на оружјето.
„Atlas CCV“ има капацитет за складирање во кој се сместени неколку тони преостанат товар во рамките на заштитениот труп. Ова му овозможува да ги транспортира основните предмети за снабдување за екипажните платформи, вклучувајќи муниција, гориво, оброци, вода и опрема за критична мисија. Опремено е со напреден сензорски пакет кој се интегрира со својот автономен систем, обезбедувајќи му на возилото свесност за ситуацијата. Опремено е со мултиспектрална детекција на 360 ° за следење и класификација, искористува низа технологии, вклучително и дневни фотоапарати, термичко сликање, акустични сензори, пасивно електронско војување, стереовизија и откривање на светлина и опсег – light detection and ranging (LiDAR).

## Вооружениот систем на„ ATLAS CCV“

„ATLAS CCV“ е вооружен со стабилизиран 25мм „M242 Bushmaster“ топ, интегриран со автоматизираниот систем за купола „Vantage“ (ATS ™), систем за купола со среден калибар способен да ангажира цели до 2.500 метри. Куполата, дизајнирана за низок профил за да се намали изложеноста на возилото, има способност за таргетирање (human-in-the-loop - „човек во јамка“) и може да постигне елевација од повеќе од 70°. Исто така, нуди флексибилност за адаптивна повторна употреба на постоечките топовски резерви. Топот од 25 мм се одликува со двоен систем за полнење со муниција и капацитет на муниција за готова употреба од 260 куршуми. Возилото може да обезбеди и индиректна огнена поддршка преку автоматизиран минофрлачки систем од 120 mm.

## Погонот на „ATLAS CCV“

Моќниот пакет „ATLAS CCV“ споделува заедништво со палетата на тактички возила „Supacat HMT“. Тој е управуван од „Cummins ISB 6“, цилиндричен 6/7-литарски дизел-мотор, заедно со автоматски менувач „Allison 3000“. Серијата „3000“ на „Алисон“ е дизајнирана да ја подобри ефикасноста на горивото и да го поедностави работењето кај возилата со средно оптоварување.

## Оперативни способности на „ATLAS CCV“

„ATLAS CCV“ нуди повеќе автономни режими на работа, вклучувајќи телеоперација „Следи ме“, со избегнување препреки, навигација со попатни точки со избегнување пречки и планирање на мисијата заснована на цели.
Возилото може да извршува динамични функции на возилото без екипаж, како што се автономно примање корисничка контрола во реално време додека следи одредена геометриска патека и генерира патеки за избегнување пречки и за навигација по предизвикувачки терени, како што се густи шуми. Може да се движи напред за извидување и надзор или да остане на место како „чувар“ за откривање и следење на заканите, пренесувајќи информации до други борбени единици.
Во режимот на извидување и надзор, „ATLAS“ може да врши и задачи за надгледување и електронски надзор. Исто така, може да се приспособи за операции „Counter-uncrewed aerial vehicle“ – C-UAV.
Спецификациите за ова борбено возило се следниве:

- производител: „BAE Systems“;
- тип на возило: Uncrewed ground vehicle;
- Бруто-тежина: 10 тони;
- мотор: „Cummins ISB“, 6-цилиндричен 6/7-литарски дизел-мотор;
- опсег на испукување: 2500 m;
- трансмисија: „Allison 3000“;

## Вклучени изведувачи

Компанијата „BAE“ го развила „ATLAS CCV“ во партнерство со „Supacat“, производител на воени возила за снабдување на платформата на шасијата; „Valhalla Turrets“, снабдувач на решенија за системи за вооружување и за одбранбени објекти со и „Marand“, обезбедувач на решенија со прецизно инженерство за производство на трупот на возилото. ■



# Италијански оклопен транспортер „VCC-1 Camillino“





Пишува: Ивица Дамески

Оклопниот транспортер „VCC-1“ е развиен од „Servizio Tecnico della Motorizzazione“ (автомобилска техничка служба) на италијанската армија, со програмата „Infantry Armoured Fighting Vehicle“ (пешадиско оклопно борбено возило), а се произведува во италијанската компанија „Oto Melara“. При развој на возилото како основа е земен американскиот окопен транспортер „М113А1“. Големите подобрувања во однос на „М113А1“ може да се увидат во зголемената огнена моќ, подобрената заштита на оклопот, способноста на десантното одделение да нишани и да пука со личното оружје од внатрешноста на трупот и подобрената поставеност на седиштата. Кратенката VCC е добиена од зборовите Veicolo Corazzato de Combattimento, што во превод значи оклопно борбено возило.

„VCC-1“ е амфибиско гасенично оклопно возило, наменето за безбеден транспорт на десантно борбено одделение и за огнена поддршка на одделението. Оклопот на возилото е изработен од заварени плочи од алуминиумска легура која е со максимална дебелина од 32 mm и надворешно поставен панцирен тврд челик со дебелина од 6 mm. Основниот оклоп обезбедува заштита од лесни пешадиски оружја и шрапнели од гранати, а предниот дел штити од проектили со калибар од 12.7 mm. За поголема оклопна заштита, некои од возилата поседуваат дополнителен оклоп ЕААК, кој штити од проектили со калибар од 14.5 mm и фрагменти од граната со калибар од 155 mm. Возилото поседува класична конструкција, односно напред десно е сместен погонот и трансмисијата, напред лево е сместен возачот, а позади него е позицијата на командирот на возилото, додека од неговата десна страна е позицијата на нишанџијата. Преостанатиот дел е транспортниот простор, кој е опремен со 6 седишта. За потребите на возачот, над неговата позиција е вграден отвор и 4 перископи, модел „М17“, кои се насочени нанапред и налево, а на поклопецот од отворот е поставен ротирачкиот ИЦ-перископ „М19“, наменет за ноќно возење. Над позицијата од командирот е вграден подигнат отвор околу кој се вградени 5 перископи „М17“. Над позицијата од нишанџијата е вграден отвор околу кој се вградени 5 перископи „М17“, но на оваа позиција е поставена отворена оклопена купола од три дела со постамент за тежок митралез „М2 HB“, со калибар од 12,7 mm и 1.050 куршуми. Од левата и од десната страна на куполата се поставени по 4 лансери на димни гранати. Отворената купола може да ротира 360º. Во транспортниот оддел можат да седат 7 војници, од кои 4 седишта се поставени на средина, свртени со грбот едни кон други.

Во закосените бочни страни на транспортниот оддел (за 25º) се вградени по два набљудувачки визири и пушкарници под нив. На десантната рампа, од десната страна, исто така е поставен еден пушкарник со визир. На кровот од транспортниот простор, за потребите на десантното одделение има кружен отвор над кој е поставена шина со постамент за пушкомитралез со калибар од 7,62 mm. За потребите на пушкомитралезот во возилото се сместени 1.000 куршуми. Влезот во транспортниот простор се изведува преку голема десантна рампа, која се придвижува со помош на хидрауличен уред. Во десантната рампа од левата страна е вградена помала врата. На крајот од возилото, надворешно, лево и десно од десантната рамка, се поставени два алуминиумски резервоари за гориво со вкупен капацитет од 360 литри.

Како погон возилото го користи моторот со 6 цилиндри „Detroit Disel 6V53“, со моќност од 215 кс, во комбинација со автоматската трансмисија „Allison TX-100“, која поседува 6 брзини за движење напред и 2 за движење назад. Одниот дел на возилото поседува по 5 потпорни тркала од секоја страна. Потпорните тркала се со дијаметар од 61 cm, а за еластично наслонување се поврзани со торзиони оски, но првото, второто и петтото потпорно тркало поседуваат и хидраулични амортизери. Погонските тркала се поставени напред, а одзади се поставени мрзливците, кои се опремени со хидрауличен затегнувач на гасениците. Возилото користи челични гасеници со широчина од 381 mm, на кои се поставени гумени папучи. При амфибиски операции, бранобранот се поместува напред и се вклучуваат 2 пумпи за исфрлување вода, а возилото во вода се движи со помош на гасениците. Од опрема возилото поседува противпожарна заштита, систем за греење, лансери на димни гранати, челични сајли за влечење, системи за комуникација (две VHF радиостаници), два вентилациски уреди во транспортниот оддел за извлекување на барутните гасови од внатрешноста и друго.

Конструкцијата на возилото е искористена за развој на две основни верзии: „VCC-1“ (со коси бочни страни) и „VCC-2“ (со прави бочни страни). Од верзијата „VCC-1“ се развиени неколку прототипови, опремени со далечинска управувана купола или со автоматски топ кои не се прифатени, но успешно е реализирана верзијата опремена со купола за лансирање на противоклопни ракети TOW (од оваа верзија се продадени 200 возила на Саудиска Арабија). Од „VCC-1“ се произведени 800 примероци. Корисници на возилото се Италија, Саудиска Арабија и Украина. ■



## Пресек на „VCC-1“

1. Погонско тркало
2. Позиција на возачот
3. Трансмисија „Allison TX-100“
4. Погон „Detroit Disel 6V53“
5. Бранобран
6. Поклопец од отворот на возачот
7. Тежок митралез „М2 HB“ со калибар 7,62 mm
8. Отворена оклопна купола со дебелина на оклопот од 10 mm
9. Лансери на димни гранати
10. Поклопец на отворот кај транспортниот оддел
11. Седиште во транспортниот оддел
12. Отвор на транспортниот оддел со постамент за пушкомитралез






**13.** Пушкомитралез со калибар од 7,62 mm
**14.** Десантна рампа
**15.** Резервоар за гориво
**16.** Седиште во транспортниот оддел
**17.** Мрзливец
**18.** Пушкарник и визир со оклопно стакло
**19.** Потпорно тркало
**20.** Четири седишта поставени на средина од транспортниот оддел
**21.** Поклопец на отворот за командирот
**22.** Перископ „М17“ (вкупно 5)
**23.** Седиштето на командирот
**24.** Отвор на позицијата од возачот
**25.** Перископ „М17“ (вкупно 4)
**26.** Челични гасеници со гумени папучи

| Тактичко-технички каратеристики на „VCC-1“ | |
|---|---|
| Екипаж | 2+7 |
| Должина | 5.41 m |
| Височина до кровот | 1.828 m |
| Височина до куполата на командирот | 2.032 m |
| Височина до митралезот | 2.552 m |
| Широчина | 2.686 m |
| Клиренс | 406 mm |
| Тежина | 11.600 тони |
| Погон | Detroit Disel 6V53, со моќност од 215 кс , со трансмисија Allison TX-100 |
| Максимална брзина | 64.4 km/h |
| Брзина на пловење | 5 km/h |
| Автономија на движење | 550 km |
| Капацитет на гориво | 360 литри |
| Вертикална препрека | 61 sm |
| Преден наклон | 60% |
| Бочен наклон | 30% |
| Ров | 1,68 m |







# Електронското војување и радиофреквентните попречувачи – клучни технологии за современите воени операции



м-р Реџеп Мустафовски

Современите воени операции зависат од напредните комуникациски технологии, но истовремено се соочуваат и со закани од непријателските електронски уреди. Радиофреквентните попречувачи (RF jammers) играат клучна улога за спречување на комуникациските и навигациските системи на противникот. Оваа технологија е неопходен дел од електронското војување, кое претставува еден од најдинамичните сегменти на модерното бојно поле.

**Начин на функционирање на радиофреквентните попречувачи**

Радиофреквентните попречувачи работат на принципот на емитување на силни сигнали на истата фреквенција како целниот уред, со што се создава интерференција, која го прави приемникот неспособен да ги обработи вистинските сигнали. Овие уреди може да бидат мобилни, што овозможува флексибилна употреба на терен, или статични, кои овозможуваат долготрајна заштита на стратегиски локации.

**Главни функции на попречувачите:**

- Блокирање на комуникациски канали меѓу единиците на противникот.
- Оневозможување на далечински управувани експлозивни направи (RCIED).
- Нарушување на навигациските системи (GPS) на беспилотни летала (дронови).
- Заштита на воени и државни објекти од електронски напад2попречувачи во различни воени сценарија

Радиофреквентните попречувачи се користат во офанзивни и дефанзивни операции. Нивната употреба варира во зависност од ситуацијата.

**1. Попречување на комуникациските системи на непријателските сили**

При офанзивни операции, радиофреквентните попречувачи можат да се користат за изолирање на единиците на непријателот, спречувајќи ги да добиваат наредби или да координираат контранапади.

**2. Заштита на пешадиските единици**

При одбранбени сценарија, пешадиските водови можат да користат мобилни попречувачи за спречување на комуникацијата помеѓу беспилотните летала и нивните оператори. На тој начин се намалува ризикот од извидувачки дронови и дронови-камикази.

**3. Заштита од RCIED-направи**

Во некои конфликтни зони каде што експлозивните направи управувани од далечина (RCIEDs) претставуваат закана, радиофреквентните попречувачи се поставуваат на воените возила за блокирање на сигналите за активирање.

**Тактичко-технички карактеристики на радиофреквентните попречувачи**

Во зависност од намената, постојат различни модели на радиофреквентни попречувачи. Два значајни примери кои се користат во воени операции се „TG-VIP Manpack“ (мобилен модел) и „MC-HORIZON II 360E“ (статичен модел).

| Карактеристики | Опис |
|---|---|
| Моќност на сигналот | 120 W |
| Дострел на попречување | 30-200 m |
| Времетраење на батеријата | 2 часа (со можност за надополнување) |
| Димензии | 400 × 300 × 1380 mm |
| Тежина | 25 kg |
| Температурен опсег | -20°C до +50°C |
| Опсег на фреквенции | 850-5850 MHz |

***Табела 1**. Технички карактеристики на „TG-VIP Manpack“ (мобилен попречувач)*



***Слика 1**. Приказ на моделот „TG-VIP Manpack “ – мобилен попречувач кој може да се носи во ранец*

| Карактеристики | Опис |
|---|---|
| Покриеност на терен (агол) | 360° |
| Дострел на детекција | 3-15 km |
| Дострел на препознавање | 1.5-10 km |
| Дострел на попречување | 3 km |

***Табела 2.** Технички карактеристики на „MC-HORIZON II 360E“ (статичен попречувач)*



*Слика 2. Модел „MC-HORIZON II 360E“ – прикажува стационарен попречувач, кој овозможува заштита на поширока област*

**Воена тактика и симулација на употреба на радиофреквентни попречувачи**




**1. Пешадиски вод во напад**

Во офанзивни операции, пешадиски водови можат да користат мобилни попречувачи за заштита од радиоуправувани дронови и експлозивни направи како што е, на пример, тактичката примена на „TG-VIP Manpack“, кој се носи од страна на командирите на тимови.

*Слика 3. Вод во колона – прикажува како пешадиски вод се движи со помош на попречувачи*

**2. Пешадиски вод во одбрана**

Во одбранбени операции, пешадиски водови се позиционираат на одредени линии и користат статични попречувачи за заштита од непријателски извидувачки дронови и напади со дронови-камикази.




*Слика 4. Вод во линија – прикажува формација на вод во одбрана*

**3. Попречување на RCIED-направи во моторизирани единици**

Воените возила честопати се цел на експлозивни направи кои се управувани со радиосигнали. За нивна заштита, на возилата се поставуваат специјални радиофреквентни попречувачи на моторизираниот вод.



*Слика 5. Возило со RCIED-попречувач – прикажува воено возило опремено со попречувач*




*Слика 6. Моторизиран вод во движење – прикажува формација на возила за заштита од радиоконтролирани експлозиви*

**Заклучок**

Современото војување главно зависи од електронските технологии, а со тоа и од радиофреквентните попречувачи, кои играат голема улога за обезбедување на комуникациска супериорност и тактичка предност. Без овие уреди, пешадиските и моторизираните единици би биле ранливи на радиоконтролирани дронови, експлозивни направи и навигациски системи.

Во иднина се очекува понатамошен развој на попречувачката технологија, зголемен дострел и интелигентни системи за автоматско детектирање и блокирање на непријателските сигнали. Бидејќи модерното војување сè повеќе напредува, електронското војување ќе продолжи да биде клучен фактор за заштита и надмоќност на бојното поле. ■



# Еволуцијата и историјата на борбените шлемови



Пишува: Александар Стојчевски

Историјата на борбените шлемови е поттикната од променливата динамика на војувањето и технолошкиот напредок. Од античките цивилизации до современите воени сили, еволуцијата на овие заштити за главите ја илустрира немилосрдната потрага на човештвото за безбедност во битките. Како што се трансформирала природата на борбата, така се трансформирале и дизајните на шлемовите, одразувајќи ги и достапните материјали и специфичните закани со кои се соочувале во различни историски периоди. Разбирањето на оваа историја дава вредни сознанија за улогата што ја имале шлемовите во воената стратегија и заштитата на војниците низ вековите.

Еволуцијата на борбените шлемови ја одразува променливата природа на војувањето и напредокот во технологијата. Првично дизајнирани за заштита од оружје за блиска борба, овие шлемови претрпеле значителни трансформации низ историјата, водени и од материјалните иновации и од променливите борбени стратегии. Раните борбени шлемови, како што се бронзените шлемови на древните цивилизации, давале фундаментална заштита. Како што еволуирале војните, така се развивал и дизајнот на шлемот, инкорпорирајќи карактеристики што реагирале на воведувањето на пософистицирано оружје. Оваа приспособливост го нагласува историскиот значај на шлемовите во воената ефикасност. Во средновековниот период, развојот на различни типови шлемови означил клучен момент во дизајнот на оклопот. Преминот од целосно затворени шлемови во верзии со отворено лице покажал баланс помеѓу одбраната и видливоста, нагласувајќи ја динамичната природа на борбената опрема. Со доаѓањето на огненото оружје, дизајнот на шлемот претрпел радикални промени за да се приспособат на новите закани. Иновациите во материјалите и во инженерството направиле модерните борбени шлемови да обезбедат оптимална заштита додека ги исполнуваат различните барања на денешните средини на бојното поле, илустрирајќи ја богатата историја на борбените шлемови.

Средновековните борбени шлемови биле клучен напредок во личниот оклоп, обезбедувајќи заштита во време на интензивна војна. Тие еволуирале за да ги задоволат барањата на условите на бојното поле, како одраз на променливите тактики и технологии на ерата. Таканаречениот „голем шлем“, кој бил распространет од 13 до 15 век, бил шлем со целосна покриеност. Неговата конусна форма нудела супериорна заштита од удари, со тесен отвор за очите за да се минимизира видливоста и да се максимизира заштитата. Овие шлемови честопати биле украсени и означувале ранг и припадност. Со преминот кон шлемови со отворено лице, воините добиле зголемена видливост и подвижност. Еволуцијата на средновековните борбени шлемови е пример за сложено-

ста на развојот на оклопот во овој период. Како што се зголемува ефективноста на оружјето, така се зголемувал и бројот на дизајни насочени кон обезбедување на безбедноста на борците. Големиот штит кој се појавил во текот на 13 век, претставувал значителен напредок во дизајнот на шлемови што ги користеле витезите во средновековните војни и се разликувал по својата целосно затворена структура. Тој бил дизајниран да обезбеди максимална заштита на главата и лицето за време на борбата. Карактеристично за „големиот штит“ е тоа што имал цилиндрична форма со заоблен врв, со цел заштита на лицето. Многу верзии имале само мал хоризонтален отвор за гледање, што му овозможувал да ги одврати ударите со меч и да го издржи ударот на проектилите. Ограничувањата на видливоста и протокот на воздух претставувале предизвици за носителите на шлемот. Потоа следувале модификации, што довело до развој на дизајни со поотворени лица.



Преминот кон шлемови со отворено лице означил значајна еволуција во дизајнот и функционалноста на заштитата на главата за време на борбата. Оваа промена се појавила поради потребата за подобрување на видливоста и мобилноста на бојното поле. Како што напредувале тактиките за војување, станало сè поочигледно дека целосно затворените дизајни на „големиот штит“ го ограничуваат видното поле на војниците и ја попречуваат комуникацијата. Шлемовите со отворено лице, како што се шлемовите наречени „Басинет“, првпат се појавиле во доцниот средновековен период. Овие шлемови ги задржале основните заштитни карактеристики, нуделе отвор за лицето што им овозможувал на воините да гледаат и да комуницираат поефективно. Овој тип на шлемови во голема мера ја подобрил свесноста на бојното поле, овозможувајќи им на војниците да реагираат брзо на променливите борбени услови. Усвојувањето на дизајни со отворени лица претставувал спој на заштита и практичност. Додека тие обезбедувале клучна одбрана од удари, зголемената видливост го олесни подоброто тактичко движење. Како што еволуирале конфликтите, оваа рамнотежа станала витална, што довела до поширoко прифаќање на таквите дизајни на шлемовите меѓу воените сили.

За време на ренесансата, која се протегала приближно од 14 до 17 век, борбените шлемови претрпеле значителен развој под влијание на различни фактори. Ерата означила промена во војувањето, што довело до напредок во металургијата и подлабоко разбирање на човечката анатомија, што влијаело врз дизајнот на шлемовите. Појавата на оклопот од плочи била клучна, при што и борбените шлемови се развивале за да придонесат за поцврста заштита. Преовладувале иконските дизајни како што се шлемовите „Кабасет“ и „Морион“. Овие шлемови обезбедиле подобра покриеност, а овозможувале и поголема мобилност и видливост, што било неопходно за динамичното бојно поле. Дополнително, времето на ренесансата придонело за пораст на декоративни елементи во дизајнот на шлемот. Многу шлемови биле украсени со сложени гравури и грбови, како одраз на статусот и идентитетот на нивните носители.

Појавата на огненото оружје во војувањето значително влијаело врз дизајнот и структурата на борбените шлемови. Раните шлемови првенствено нуделе заштита од оружје со острици, но воведувањето на оружјето со барут барало повторно преиспитување на шлемовите за ефикасно да се спротивставаат на балистичките закани. Во текот на 17 век, како што огненото оружје станувало сè поприсутно, шлемовите еволуирале за да вклучат тешки челични форми со позаоблен облик кои ги отстранувале куршумите. Шлемот „Кабас“ со широк обод и шлемот „Лобстер“ се примери за оваа адаптација, дизајнирани да ги заштитат војниците од директен оган, а истовремено овозможуваат и мобилност. Во 19 век појавата на пушките барала дополнителни иновации. Во борбените шлемови почнале да се појавуваат и нови материјали, како што се потврд челик и композитни материјали. Оваа промена имала цел да го зајакне балистичкиот отпор, но се размислувало и за удобноста и тежината.

Во текот на Првата светска војна бил забележан значителен развој кај борбените шлемови, првенствено водени од потребата за подобра заштита наспроти развојните технологии за војување. Воведувањето на рововско војување ги истакнало слабостите кај постојните шлемови, што ги поттикнале воените власти да бараат поефикасни решенија. Британскиот шлем „Марк I“ се појавил како пионерски дизајн, кој вклучувал тврда челична форма за да ги заштити војниците од артилериските шрапнели. Неговата уникатна форма на купола обезбедила подобрена покриеност и поефикасно одбивање на ударите. Клучните карактеристики на шлемот „Марк I“ биле широк раб кој го штител вратот и лицето, отстранливата постава за удобност и приспособување и внатрешниот систем на суспензија кој помогал за да се апсорбираат ударите. Другите нации брзо го следеле примерот на Британците, секоја приспособувајќи го дизајнот за да одговара на нивните барања. Французите го усвоиле шлемот „Адријан“, познат по својот посебен гребен, додека Германците го претставиле „шлемот со шилец“ (Pickelhaube), а подоцна и челичниот шлем „Stahlhelm“, кој бил клучен за подобрување на заштитата и безбедноста на војниците. До крајот на војната борбените шлемови станале важен дел од воената опрема, што значително влијаело на идните дизајни и стандарди низ целиот свет.

Втората светска војна означила значајна еволуција во дизајнот на борбените шлемови, под влијание на обемот и интензитетот на војната. Шлемовите кои биле



користени во овој период им обезбедувале на војниците засилена заштита од различни закани, вклучувајќи шрапнели и истрели од оружје. Американскиот шлем „М1“, претставен во  1941 година, имал дводелен дизајн со челична надворешна обвивка и отстранлива внатрешна обвивка. Овој дизајн овозможил ефикасна отпорност на удари додека нудел удобност. Шлемот „М1“ станал симбол на американските војници за време на конфликтот. Спротивно на тоа, германскиот челичен шлем, познат по својата препознатлива форма, обезбедувал одлична покриеност и заштита, што се покажало ефикасно на бојното поле. Варијантите на овој шлем биле приспособени за различни воени единици и специфични борбени услови. Британските сили го користеле шлемот „Броди“, кој се карактеризирал со неговата плитка форма на чинија и широк обод. Првично бил дизајниран за време на Првата светска војна, а потоа бил подложен на модификации за време на Втората светска војна за да се подобри неговата ефикасност против современите воени закани. Секој дизајн на шлем од оваа ера одразува итна потреба од функционална и заштитна воена опрема.Повоените иновации кај борбените шлемови значително ги трансформирале воените шлемови, фокусирајќи се на подобрена заштита, разновидност и удобност. Значајно за развојот било воведувањето на материјали како што е кевларот, кој понудил лесни, но цврсти решенија против балистичките закани. За време на Виетнамската  војна, употребата на шлемот „М1“ преминала кон понапредниот шлем „PASGT“. Овој модел се одликувал со тактички дизајн, кој ја подобрил и заштитата на главата и оперативната комуникација, одразувајќи ја променливата природа на војувањето и потребата од приспособлива опрема. Напредокот продолжил кон крајот на 20 век, со воведување на модуларниот шлем со интегрирана комуникација – „MICH“ и напредниот борбен шлем „ACH“. Овие иновации ги опремиле војниците со вградени комуникациски системи и зголемена балистичка заштита, нагласувајќи ја важноста на мултифункционалната опрема.Модерните воени борбени шлемови претставуваат врв на заштитата за главата, комбинирајќи напредни материјали со иновативни дизајни за подобрување на безбедноста и функционалноста. Овие шлемови се дизајнирани да издржат различни закани додека овозможуваат интеграција на модерната технологија. Главните карактеристики на современите борбени шлемови вклучуваат современи материјали, конструирани од арамидни влакна кои обезбедуваат висока отпорност на удар. Балистичката заштита е дизајнирана да ги исполнува специфичните балистички стандарди, заштитувајќи од шрапнели и оган од мало оружје. Шлемовите претставуваат модуларни системи кои овозможуваат прикачување на различни додатоци како очила за ноќно гледање и уреди за комуникација. Дополнително, приоритет на модерните шлемови биле удобноста и функционалноста. Тие се опремени со приспособливи системи за суспензија, за да се обезбеди безбедно и удобно носење. Подобрените карактеристики на вентилација го подобруваат протокот на воздух, намалувајќи ја акумулацијата на топлина за време на подолги мисии. Воените стандарди и сертификати гарантираат дека борбените шлемови ги исполнуваат специфичните критериуми за изведба на клучни шлемови за заштита на војниците во различни борбени ситуации. Овие прописи опфаќаат аспекти како отпорност на удар, отпорност на пенетрација и балистички перформанси, дефинирајќи ги минималните барања за издржливост на шлемовите. Одржувањето и ажурирањето на стандардите е од суштинско значење, како одговор на еволуирачките закани и иновации во технологијата за шлемови за свесност за ситуацијата, дозволувајќи им на војниците да пристапат до критични информации без да ги вадат шлемовите. Функциите за зголемена реалност може да обезбедат податоци во реално време, подобрувајќи го донесувањето одлуки на терен. Развојот на приспособливи системи за заштита е уште една граница. Идните шлемови би можеле да бидат дизајнирани да може да се приспособуваат на различни закани со динамично менување на нивниот структурен интегритет. Ова ќе обезбеди оптимална безбедност во различни борбени услови, реагирајќи поефикасно на различни балистички и ударни сили. Истражувањето за биометриско следење, исто така добива на сила со шлемовите кои се потенцијално опремени за следење на виталните знаци. Овие податоци би можеле да бидат клучни за тимовите за медицински одговор при мерењето на здравјето на војникот за време на ангажманите. Ваквите достигнувања означуваат нова ера во историјата на борбените шлемовите. Континуираниот напредок гарантира дека историјата на борбените шлемови ги одразува тековните подобрувања во безбедноста и перформансите на војниците на бојното поле. Како што напредува технологијата, иднината на борбените шлемови е подготвена за значителна трансформација. Иновациите во науката за материјалите водат кон полесни, потрајни шлемови, кои нудат засилена заштита, без да се загрози удобноста. За да се постигнат овие цели, веќе се интегрираат напредни композитни материјали, како што се кевлар и јаглеродни влакна. Дополнително, интеграцијата на паметната технологија е на хоризонтот. Во идните шлемови ќе може да се вградат системи



ви, давајќи им приоритет и на заштитата и на зголемената оперативна способност. Историјата на борбените шлемови ја одразува тековната еволуција на воената технологија и потребата за заштита во војувањето. Од античките дизајни до модерните иновации, секој период придонесувал за крајната цел – заштита на војниците во борба. Гледајќи напред, напредокот во материјалите и инженерството ветува дека ќе ја редефинира иднината на борбените шлемови. Разбирањето на историјата на борбените шлемови, не само што го нагласува нивното значење, туку ја нагласува и континуираната потрага по подобрена безбедност и ефикасност во воената опрема. ■



Курс за офицери за безбедност во летањето (ASOC Aviation Safety Officer Course) | Курс за испитување на воздухопловни несреќи (AMIC Army Mishap Investigation Course )

# Меѓународна воена програма за едукација и тренинг



Душко Стевоски, пилот-мајор

Како резултат на долгогодишната и плодна македонско-американска соработка од областа на одбраната, а во согласност со Меѓународната воена програма за едукација и тренинг (IMET - International Military Education and Training), во периодот 2 декември 2024 година до 14 февруари 2025 година, во американската армиска воздухопловна база „Форт Новосел" (Fort Novosel ARMY Aviation Base), во сојузната држава Алабама, успешно беа реализирани два академски курсеви од областа на безбедноста во летањето. На курсевите учество зедоа мајорот Душко Стевоски, пилот на транспортен хеликоптер „Ми-8/17" и припадник на Хеликоптерскиот сквадрон во рамките на Воздухопловниот ВИНГ (во текот на својата кариера извршуваше и летачки задачи на борбениот хеликоптер „Ми-24В", во периодот кога истиот беше дел од формацијата на Армијата и Воздухопловниот ВИНГ).

Во периодот од 2 декември 2024 година до 12 декември 2024 година беше реализиран Курс за испитување на воздухопловни несреќи (AMIC Army Mishap Investigation Course), на кој се изучуваше методологијата за истражување воздухопловни несреќи. Курсот се состоеше од два дела: теоретски дел, кој траеше 5 дена, наменет за теоретско запознавање со процедурата за истражување и практичен дел, кој траеше 4 дена, наменет за комплетно истражување на воздухопловна несреќа по претходно сценарио во кое беа вклучени хеликоптери од типот „UH-60 Black Hawk", „CH-47 Chinook", „AH-64 Apache" или „UH-72 Lacota" (се работи за армиска воздухопловна база, а американската армија во својот состав заради изведување на воздушни операции главно вклучува хеликоптери). Наставната група се состоеше од 27 американски студенти (во активна или резервна служба) и од тројца интернационални студенти од кои, освен мајорот Стевоски, останатите двајца биле активни припадници на Армијата на Австралија (пилот на борбен хеликоптер „EC-665 Tiger") и на Колумбиската морнарица (пилот на транспортен авион од типот „C-295 CASA").

Од 6 јануари 2025 година до 14 февруари 2025 година беше реализиран Курс за офицери за безбедност во летањето (ASOC Aviation Safety Officer Course). Курсот траеше шест недели, а интересно е тоа што во својот состав (во петтата и шестата недела) го вклучува претходно споменатиот Курс за испитување на воздухопловни несреќи (AMIC Army Mishap Investigation Course). Наставната група се состоеше од 28 американски студенти-пилоти (активни или резервни CW Chief Warrant Officer), како и четворица интернационални студенти, од кои, покрај мајор Стевоски, останатите тројца биле активни припадници на Турската армија, Армијата на Кралството Јордан и на Армијата на Кралството Бахреин (сите пилоти на хеликоптер „UH-60 Black Hawk"). Курсевите, успешно, веќе повеќе циклуси наназад, ги организира и ги спроведува USACRC - United States Army Combat Readiness Center, Fort Novosel ARMY Aviation Base во Алабама. Во согласност со американската воена практика, речиси на секој курс, тренинг, обука или кој било друг облик на стручно оспособување и усовршување на територијата на САД (FOT-Follow on Training), му претходи јазична подготовка во Одбранбениот јазичен институт - Центар за англиски јазик (DLIELC - Defense Language Institute English Language Center), во рамките на базата „Lackland Air Force Base", лоцирана во непосредна близина на градот Сан Антонио во американската сојузна држава Тексас.Курсевите беа исклучително корисни и истите ќе бидат искористени за да се подигне нивото на безбедност во летањето кај сите елементи, во сите летачки единици на Воздухопловниот ВИНГ. ■



# „СЕКОГАШ И С




# ЕКАДЕ ПРВИ“



# БАЛИСТИЧКИ РАКЕТИ



Пишува: потполковник Драган Павловски

**ВОВЕД**

Балистичките ракети се составена од повеќе модули кои се наредени „еден врз друг“, а на врвот се наоѓаат една или повеќе боеви глави со способност за таргетирање на повеќе цели. Балистичките проектили најпрвин се напојуваат со сила од горивото складирано во модулите, а потоа следи траекторија без подвижна сила од моторите, проследена со слободно паѓање кон планираните цели. Балистичките проектили со краток долет обично остануваат во атмосферата на Земјата, додека повеќето поголеми проектили патуваат надвор од атмосферата. Тип на балистичка ракета со најголем долет од над 5.500 километри е интерконтиненталната балистичка ракета (ICBM), со максимална височина на траекторија од околу 4.500 километри и со брзина на движење поголема од 15-20 маха (1 мах е брзина на звук и изнесува околу 1.235 км/час, односно 343 метри во секунда). Се претпоставува дека, денес вкупно 31 земја поседуваат балистички ракети. Само девет од 31 држава (Кина, Франција, Индија, Израел, Северна Кореја, Пакистан, Русија, Обединетото Кралство и САД) се познати дека поседуваат или се претпоставува дека поседуваат нуклеарно оружје. Овие девет држави и Иран имаат произведено или тестирано проектили со долет поголем од 1.000 километри. Најновите варијанти на балистички ракети се карактеризираат со брзина која надминува повеќе од 10 маха (12.300 км/час, односно 3,40 км/секунда). Овие балистички ракети се опремени со шест боеви глави и се многу тешки за пресретнување, иако современите пресретнувачи на балистички ракети се дизајнирани да можат да се спротивстават на овој тип на систем. Најголемиот балистички ракетен напад во историјата се случил на 1 октомври 2024 година кога Иранската револуционерна гарда лансираше околу 200 проектили кон Израел, на растојание од околу 1.500 километри. Дел од ракетите кои не беа пресретнати пристигнаа на целите за околу 15 минути по лансирањето. Настанот доведе до ангажирање на повеќе сили со свои капацитети за пресретнување, како и итна цивилно-воена координација со пренасочување на летовите во делот на комерцијалната авијација.

**КАРАКТЕРИСТИКИ**

Првата модерна балистичка ракета била позната како „V-2“, развиена од нацистичка Германија во 1930-тите и 1940-тите години, а првите успешни лансирања биле реализирани во текот на 1942 година. До крајот на Втората светска војна, во мај 1945 година, во Европа вертикално биле лансирани повеќе од 3.000 ракети од типот „V-2“. Со цел да се покријат големи растојанија, балистичките проектили обично се лансира-

ат во вселенски лет на големи височини, а за интерконтиненталните проектили најголемата височина постигната за време на слободниот лет е околу 4.500 километри. Траекторија на една балистичка ракета се состои од три дела или фази: фаза на засилување, фаза на среден курс и терминална фаза. Внатрешните компјутери ја одржуваат ракетата на однапред програмираната траекторија. Поголемиот дел од првата фаза се одвива во атмосферата и истата може да трае од 3 до 5 минути. Фазата на средината на курсот е најдолга во траекторијата на една ракета, почнувајќи со завршување на летот со напојување. Кога горивото е исцрпено, веќе не се обезбедува потиснување и проектилот влегува во слободен лет. Во текот на оваа фаза проектилот ќе ја достигне својата најголема височина и истиот главно се состои само од боева глава, која може да биде конвенционална со висока моќност, односно со хемиско, биолошко или нуклеарно полнење. Во втората фаза ракетата продолжува да се искачува кон највисоката точка од нејзината траекторија, а потоа почнува да се спушта кон Земјата. Ова е најдолгата фаза на лет на проектилот која може да трае околу 20 минути. Последната фаза во траекторија на ракетата е терминална или фаза на повторно влегување. Започнува со повторно влегување на одвоените боеви глави во атмосферата на Земјата и трае до удар на проектилот. Ова повторно влегување во атмосферата на Земјата е проследено со многу големи брзини кои се движат од околу 6 до 8 километри во секунда, односно околу 21.000 – 28.000 километри на час. Временски, оваа фаза може да трае помалку од една минута. Балистичките проектили може да се лансираат од фиксни локации или од мобилни платформи, вклучувајќи возила, авиони, бродови и подморници. Балистичките проектили се различни и во однос на типот на гориво коешто го користат како погон, според нивниот максимален долет, како и во однос на типот на вооружувањето што го носат и тежината на товарот. Тие се поделени во категории врз основа на долетот, а за ова постои различна категоризација на балистичките ракети: тактичка балистичка ракета со долет помал од 300 километри, балистичка ракета со краток долет од 300 до 1.000 километри, балистичка ракета со среден долет од 1.000 до 3.500 километри, балистичка ракета со голем долет од 3.500 до 5.500 километри и интерконтинентална балистичка ракета со долет поголем од 5.500 километри. Први држави кои имаа интерконтинентална балистичка ракета со најголем долет беа САД, Русија и Кина. Првите интерконтинентални балистички ракети биле распоредени од Советскиот Сојуз во 1958 година, по нив започнале САД со распоредување следната година, а Кина почнала 20-тина години подоцна.

Во однос на брзината, многу балистички ракети достигнуваат хиперсонична брзина (односно 5 до 7 маха и повеќе), кога повторно ќе влезат во атмосферата на Земјата, доаѓајќи од вселената. Меѓутоа, во вообичаената воена терминологија, со терминот „хиперсонична балистичка ракета" се нарекуваат само оние ракети кои летаат на помала височина, со кои може да се маневрира пред да ја погодат целта, односно тие не ја следат едноставната балистичка траекторија која достигнува големи височини, карактеристична за терминот „балистичка ракета".

## ОДБРАНА ОД БАЛИСТИЧКИ РАКЕТИ

Ширењето на балистичките проектили и потенцијалната можност за нивна употреба претставува зголемена опасност за населението и за територијата, за цивилните и за воените капацитети на една или на повеќе држави. Одбраната на НАТО од балистички проектили и достигнувањето на целосна оперативна способност се базира на програма која се заснова на заеднички финансирани проекти, доброволни национални придонеси, вклучително и национално финансирани пресретнувачи и сензори (радари). Сензорите за детекција од вакви напади се стационирани во вселената и на копнена површина. Германија е домаќин на Оперативниот центар за одбрана од балистички проектили, лоциран во Сојузничката воздухопловна команда во Рамштајн. Неколку сојузници понудија сопствени средства, како што се бродови со капацитет за балистичка ракетна одбрана, радари, копнени системи за воздушна и ракетна одбрана или напредна детекција проследена со навремено алармирање. Во таа насока, Турција е домаќин на американски радар на својата територија, кој придонесува за рана детекција на движењето на балистичките проектили. Романија и САД се согласија капацитетите за одбрана од балистички проектили да бидат сместени во една воздухопловна база во Романија, а сличен договор за стационирање беше постигнат помеѓу САД и Полска. Понатаму, Шпанија е домаќин на четири американски бродови за противракетна одбрана како составен дел на способноста на НАТО за одбрана од балистички проектили. Покрај овие капацитети, постојат и многу други национални средства за потребите за одбрана од можен напад со балистички проектили. ■






# Моќта на информацијата



Пишува: проф.д-р Ненад Танески (полковник)

Бројните терористички напади од минатото (терористичките напади на 11 септември 2001 година во САД, во Мадрид 2004 година, во Холандија 2004 година, во Лондон 2005, 2007, и 2017 година, во Бугарија 2012 година, во Франција 2015, 2016, 2018 година, во Турција 2016 година, во Белгија 2016 година, во Германија 2016, 2020 година, во Шведска 2017 година, во Нов Зеланд 2019 година, во Австрија 2020 година, во Русија 2024 година), укажуваат на фактот дека глобалната разузнавачка заедница сѐ уште се адаптира на актуелните промени на методите на извршување на терористичките напади, односно на актуелните безбедносни закани и предизвици. На национално или државно ниво, улогата на разузнавањето/контраразузнавањето е да превенира вакви терористички напади и да помогне да се спасат човечки животи, додека, пак, на меѓународно ниво, разузнавањето може да обезбеди информации кои ќе бидат корисни за навремено сузбивање на заканата, пред истата да еволуира. Историски гледано, за да има вредност, конспиративноста на разузнавачкото делување мора да е на највисоко ниво и истовремено да има императив во високото ниво на професионалност. Дали во иднина ќе има потреба од разузнавачки агенции кои ќе бидат клучна алатка во зајакнување на меѓународната безбедност и меѓудржавните политики? Разузнавањето може да се смета за процес, производ и институција. Институциите укажуваат на идејата за национална безбедност, бидејќи разузнавачките служби се поврзани и со државниот суверенитет и со основната извршна власт. Денес, сѐ уште не постои широко воспоставена дефиниција за разузнавањето, бидејќи секој обид за дефинирање поаѓа од свое лично искуство. Разузнавањето може да се анализира на три различни начини. Прво, како процес на собирање, анализа и доставување на информации до донесувачите на одлуки („потрошувачите"), односно креаторите на политики или оперативните команди. Ова често се нарекува „разузнавачки циклус", иако суштината и редоследот на самиот циклус честопати е контроверзен и дискутабилен. Второ, производот-информацијата, во минатото се дисеминирала на пишан лист хартија, а денес се дистрибуира преку безбедни електронски системи за комуникација и размена на податоци на повеќе нивоа. Конечно, можеме да

зборуваме за разузнавачки служби и разузнавачки заедници како институции кои често испорачуваат различни „услуги“ за владата.

Една од поважните улоги на разузнавањето е во управувањето со клучните национални и меѓународни безбедносни закани, почнувајќи од закани од домашен, меѓународен и транснационален тероризам, дигитална шпионажа и напади, до пандемии и до обновени меѓудржавни ривалства. Разбирањето на разузнавањето, исто така, е од клучно значење ако сакаме да ја разбереме рамнотежата на моќта меѓу граѓанинот и државата, особено со оглед на потенцијалот на дигиталниот надзор, во која важна улога игра и Комисијата за надзор на безбедносниот сектор. Мора да напомeнеме дека „информација“ и „разузнавање“ се два различни поими, а вториот се произведува со процес на анализа или евалуација на првиот. Разузнавачката заедница собира информации на повеќе начини (постојат повеќе разузнавачки дисциплини за собирање на информации), во согласност со сопствените капацитети и можности, меѓутоа најчестиот начин на собирање информации се одвива преку:

- отворено активно прегледување на веќе објавени материјали од отворени извори (весници, радио, трговски, политички, економски и воени списанија, како и интернет извори) и релативно пасивно но сепак отворено „скенирање на животната околина“, или,
- поагресивни прикриени техники со навлегување во тајноста и приватноста на лица од интерес на разузнавачката заедница, користејќи разузнавање од човечки извори или HUMINT.

Различните разузнавачки дисциплини обезбедуваат информации кои доаѓаат од различни извори: човек-информатор, одбранбени или дипломатски извори-информатори, пресретнати комуникации и сигнали, сателитски снимки и слично. Овие тајни средства и методи за разузнавање се користат за да се дојде до информација што потенцијално непријателските држави или транснационални терористички групи сакаат да ја сокријат. Многу често разузнавањето е обвиткано со митови и легенди, во смисла дека разузнавачките активности се фокусирани на странски разузнавачки агенции кои управуваат со тајни мисии и шпионажа против вистински или замислени непријатели. Бидејќи разузнавањето спаѓа во доменот на меѓународните односи, не е изненадување што веројатно најпознатите разузнавачки агенции во светот се ЦИА (САД), МИ 6 (Обединетото Кралство) и веќе непостоечката советска КГБ. Првите две собираат информации во врска со заканите врз националниот интерес и ги надгледуваат операциите за спречување или попречување на овие закани (глобален тероризам и транснационален организиран криминал). Сепак, еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат државите кои имаат средства да одржуваат разузнавачки агенции кои собираат информации со различни разузнавачки дисциплини, како SIGINT и HUMINT, е како да се изработи точна, веродостојна анализа во таа маса на конкурентни информации.



Со падот на Советскиот Сојуз и крајот на Студената војна, потребата од силни разузнавачки служби кои имаат голем буџет беше доведена во прашање. Претходно, одговорноста на разузнавачките агенции беше да ги идентификуваат заканите. Без адекватно сериозна закана, разузнавачките агенции, стануваа помалку потребни. Освен тоа, без оглед на големите финансиски ресурси, најпознатата светска разузнавачка агенција, ЦИА, не успеа да ја предвиди изградбата на Берлинскиот






ѕид, падот на Советскиот Сојуз, ирачката инвазија на Кувајт во 1990 година или неуспешната инвазија на Ирак во 2003 година. Меѓутоа, по консолидирањето на разузнавачката заедница во САД по нападите од 2001 година, нивните резултати се видливи денес, со прецизната најава и предупредување за инвазија на РФ врз Украина, која датираше уште во 2021 година. Секако, прашањето што се поставува е дали големото трошење на разузнавањето всушност прави разлика. Според одредени безбедносни експерти, важноста на разузнавањето во војувањето е преценето, но очигледно е дека државите се потпираат на внатрешната и на надворешната безбедност за обезбедување на нивната благосостојба. Сепак, најголемо внимание е концентрирано на надворешното разузнавање при управувањето со меѓународните односи. Терористичките напади од 11 септември 2001 година, покренаа дискусија за тоа како разузнавањето може да го поддржи мултилатералното зачувување на мирот со вклучување на институции како што се ОН. Од распадот на Советскиот Сојуз, САД доминираа како главна суперсила - единствената држава со доволно економски, воени ресурси и способности да преземе акција речиси во секој дел од земјината топка. Исто така, изгледите за колективна меѓународна акција може во голема мера да зависи од подготвеноста на САД да пружат политичка и/или материјална помош - случаите на Косово, Руанда и Судан. И покрај тоа што глобалната „Војна против тероризмот" беше објавена и дефинирана во Вашингтон, другите земји не ги отстапија своите сопствени разузнавачки системи за заштита на внатрешната безбедност.

Ако „знаењето е моќ", може да се заклучи дека и разузнавањето е форма на самата моќ. Информациите можат да поддржат практикување на други форми на моќ – на пример материјална или принудна - економска или политичка. Разузнавањето ја обезбедува основата за политичките одлуки. Луѓето, организациите и државите, доколку сакаат да дејствуваат рационално, ќе го сторат тоа откако целосно ќе ги согледаат алтернативните правци на дејствување – придобивките и загубите. Меѓутоа, тензиите помеѓу разузнавањето и политиката се неизбежни. Политичките одлуки обично се формулираат врз основа на принципи или се засновани на идеологија, додека, пак, разузнавачките анализи се произведуваат со оценување на информациите. Кога разузнавањето е во судир со политиката, разузнавањето губи. Кога информациите се спротивставуваат на моќта на политиката, жртва е информацијата. Сепак, во таквите случаи, одговорноста е на политичкиот врв, кој одлучува како да ја употреби разузнавачката информација или анали-



за. Дополнително, во центарот на безбедносното разузнавање е  и тајноста. Меѓутоа, тајноста ги покренува и клучните прашања за законитоста, моралот и одговорноста. Понатаму, разузнавањето не е само основа за државните политики – тоа отсекогаш имало значајна улога во информирањето и спроведувањето дејства кои не се широко ценети, бидејќи може да го прекршат домашното или меѓународното право. Најчесто дебатите се околу „тајна акција“ или „специјална политичка акција“, како што практикуваат големите и моќни разузнавачки служби. Разузнавачките агенции, не само што се вклучуваат во мошне пасивна активност на собирање разузнавачки информации на меѓународно ниво, туку и се обидуваат тајно да интервенираат за да влијаат на настаните. Некои експерти сметаат дека тајното дејствување е суштинско, додека други го карактеризираат како дополнителна активност, донекаде одвоена од главната разузнавачка работа. Разузнавањето подразбира собирање информации, без примена на методи на директно загрозување на животот на луѓето. Исто така, разузнавачките методи имаат цел да ги попречат активностите на криминалните организации кои се занимаваат со трговија со дрога, со оружје или трговија со луѓе. По терористичките напади на 11 септември 2001 година, поради зголеменото ниво на закани, уште поголемо внимание се посветува на развојот на разузнавачките методи со конвергенција на безбедносното, полициското и военото разузнавање. Меѓутоа, дали може да се каже дека модерната трансформација на разузнавањето со примена на високо софистициран надзор и информатичка технологија го засени фактот дека во својата суштина тоа останува интелектуален процес? Најголем дел од разузнавачките напори по нападите на 11 септември се вложени во истрага и спречување на терористички напади. Многу аналитички техники користат софистициран софтвер, кој ја олеснува анализата на поврзаните податоци. Сепак, колку и да е напреден софтверот, анализата во разузнавањето е главниот елемент,  како интелектуален момент кој е во рацете на човекот, која се заснова на расудување. Постои голема разлика помеѓу употребата на технолошкиот напредок во разузнавањето и користењето на човечките извори или изработката на аналитичкиот продукт, а тоа е влијанието на пристрасноста при собирањето на информацијата од човечки извори и изработката на финалниот-аналитичкиот продукт.

Експлицитен случај за користење на разузнавањето за остварување на политички цели е случајот во Ирак во 2003 година и оружјето за масовно уништување. По неуспехот да се пронајде ОМУ во Ирак, се појави големо меѓународно незадоволство и дебати, бидејќи претходно тоа беше главна причина за оправдување на инвазијата. Постоеше недостаток на докази за постоење на ОМУ, и покрај сите информации собрани од софистицираниот разузнавачки апарат на најмоќните нации во светот, засилени и дополнети со работата на инспекторите за оружје на ОН. Факт е дека разузнавањето беше искористено за да се оправдаат најразлични политички одлуки. Затоа, последиците од неуспех може да бидат многу високи, а безбедносното разузнавање мора да остане ограничено средство за управување, а не да стане цел само по себе.

Концептот на разузнавањето ја доведува во прашање неговата применливост денес, анализирајќи ја неговата улога во однос на градењето на државните политики. Меѓутоа, слободно може да се каже дека потребата за информации е заедничка карактеристика на поединци, групи, организации, држави и општества. Соочени со несигурност, ризик, закана, или во потрага по некоја друга цел, сите човечки ентитети се соочуваат со проблемот на сознание и бараат информации за кои се надеваат дека ќе ги поддржат нивните интереси, ќе го намалат чувството на несигурност и ќе им дозволат да се справат со нивните „слаби точки“. На пример, прашањето за глобалната војна против тероризмот и очигледните дилеми поврзани со нуклеарните активности на Иран и на Северна Кореја континуирано ја покажуваат значајната улога на разузнавањето во одредувањето на идните односи помеѓу државите. Затоа, на почетокот на 21 век, можеме дефинитивно да констатираме дека разузнавањето никогаш не било поважно во креирање на светската политика отколку што тоа е денес.

Разузнавањето е динамична и постојано променлива област, уметност и наука. Во најново време, значајните општествени и технолошки промени ги принудија разузнавачко-безбедносните агенции да усвојат нови методи на работа, за да одговорат на новите предизвици и закани. Целта и понатаму е иста: заштита на државата од непријателски, а понекогаш дури и од пријателски странски сили, во време кога новите глобални закани бараат фундаментална трансформација на разузнавачките операции, особено подлабока интеграција на операциите со военото разузнавање, со безбедносни агенции и со службите за спроведување на законот и другите ентитети од јавниот и приватниот сектор. Преклопувањето на терористичките активности со транснационалните криминални организации и употребата на социјалните медиуми како алатки за регрутирање и пропаганда , претставува само една причина за поблиско интегрирање на безбедносно-разузнавачкиот апарат. Интеграцијата, сепак, нема да го реши секој проблем, а во одредени случаи, тоа може да претставува и дополнителен ризик.

Разузнавањето во 21 век се соочува со многу искушенија кои, секако, може да се совладаат. Борбата со заканите, како што се дезинформациите во социјалните медиуми, бара покоординирани напори од страна на безбедносно-разузнавачкиот сектор и од организациските тела коишто управуваат со нив. Ова може да се постигне со понатамошно интегрирање на безбедносно-разузнавачките агенции и приватниот сектор, особено на оние кои се справуваат со новите предизвици, како што е улогата на социјалните медиуми во креирање на дезинформациите и терористичките закани.

Безбедноста и разузнавањето се комплементарни мисии, сепак, потребна е единствена команда со единствена мисија, цел и финансирање. Успешна соработка помеѓу безбедносно-разузнавачките агенции вклучува заеднички координативни центри преку кои се споделуваат информации во врска со најновите случаи или лицата од интерес. Креаторите на политиките сè уште се обидуваат  да сфатат дека разузнавањето е и дефанзивна и офанзивна алатка на која треба да и се даде финансиски приоритет, со цел да се создадат организации во кои професионалците здружени ќе работат заедно. ■





# Улогата на ПВК при експлоатација на природните ресурси

Пишува: м-р Ксенија Митева

Според податоците на Енергетската информативна администрација (Energy Information Administration – EIA), вкупната понуда на нафта на светскиот пазар 2006 година изнесувала 84,52 милиони барели дневно (еден барел нафта приближно содржи 42 галони, а еден галон има околу 3,78 литри), а дневната побарувачка е околу 85,20 милиони барели. Производството на нафта го диктира Организацијата на земјите извозници на нафта ( Organization of the Petroleum Exporting Countries –OPEC). Ваквата ситуација во голема мера влијае на цената на нафтата на светската берза. Меѓутоа, кога бунтовнички или терористички групи, милитантни припадници или криминални банди ќе ги нападнат пронаоѓалиштата на нафта или го саботираат нејзиното производство, исто така доаѓа до промена на цената на нафтата на светскиот пазар, како што е случај, на пример, со Нигерија, којашто е една од петте главни производители и дистрибутери за САД. Освен нападите на нафтените полиња од страна на различни криминални групи, постојат ризици и безбедносни проблеми за земјата произведувач на нафта. Побарувачката за нафта и желбата за поголем профит на мултинационаните корпорации е сè поголема, а од друга страна, во земјите со конфликтно минато, каде имало киднапирање и насилно однесување кон работниците, саботажи на индустриските постројки и инсталации, како и кражба на нафта директно од цевоводите, доведува до

ангажирање на приватни воени компании кои сето ова на некој начин ќе го контролираат. Во земјите кои произведуваат нафта и гас, нафтата не е само финансиско и природно богатство, туку таа може да биде и проклетство. Ова богатство може да создаде автократски влади, да доведе до корупција, до воен пуч и до различни побуни во овие земји. Со еден збор, без разлика дали се работи за нафта или се во прашање некои други природни богатства, ова може да доведе до загрозување на демократските структури во една земја. Исто така, без разлика дали станува збор за истражување или за експлоатација на нафта, или, пак, за нејзина дистрибуција и преработка, кога еднаш големите мултинационални компании ќе вложат милијарди долари во некој проект во некоја држава, тие едноставно не можат да се повлечат. За безбедноста на нивните луѓе и инвестиции понекогаш се грижат безбедносните сили на државата во која работат. Но, ова претставува основен вид на заштита, што понекогаш не е доволен да ги издржи нестабилноста и безбедносните проблеми што може да се случат во овие држави. Иако речиси сите големи мултинационални нафтени корпорации имаат сопствени тимови за обезбедување и заштита на персоналот и на инфраструктурата на компанијата, во повеќето случаи безбедноста, заштитата и процената на ризик им се доверува на приватни воени компании со кои склучуваат и договори за деловна соработка.

Услугите што ги нудат приватните воени компании во државите во кои големите енергетски корпорации имаат работни односи кои се однесуваат на експлоатација на природните ресурси се специфични. Приватните воени услуги обично подразбираат мали тимови кои ги сочинуваат поранешни високообучени припадници на војската или на полицијата. Приватните воени компании како што се „Andrews Internacional“, „G4S“, „Garda World Security Corporation“ и други компании, се ангажираат најчесто во оваа област. Понекогаш овие приватни воени компании нудат безбедност и заштита, но во некои случаи се воспоставуваат и силни комерцијални врски помеѓу независните нафтени компании и приватните воени компании.

Од ова можеме да заклучиме дека новата безбедносна „архитектура“ на приватниот воен пазар опфаќа бројни задачи од областа на борбени операции, обука, поддршка, безбедност, известување, како и обновување и реконструкција на инфраструктурните објекти во постконфликтните подрачја и во зоните од високобезбедносен ризик. Но, оваа листа на активности на ПВК не е конечна и има тенденција во иднина да биде и проширена. Многу приватни воени компании главно се мали фирми кои се специјализирани за извршување на одредени видови работи. Но, постојат и големи воеоиндустриски мултинационални корпорации кои се занимаваат со работи што се надвор од „класичниот“ воен сектор, а и.т. нудат и приватни воени услуги. На пример, некои информациско-технолошки корпорации може да бидат вклучени во развојот и производството на доверливи бази на податоци за Министерството за одбрана на САД. На тој начин тие даваат помош и поддршка на МО на САД при распоредување на воените сили во други зермји. Освен тоа, овие компании нудат приватни воени услуги, но овде има бројни недостатоци, особено кога станува збор за одговорности и за регулирање на односите на приватниот воен пазар. Денес сме сведоци дека има сè поголем број на тужби и судски процеси кои се водат против приватните воени контрактори, и на овој проблем, особено во САД, се пристапува мошне сериозно.

Безбедносните партнерства помеѓу државите и ПВК се засноваат на стратегија која е замислена определени работи (договори) да бидат реализирани во период од неколку години, па сè до една или две децении. Ова е многу важно поради тоа што некои долгорочни одбранбени и безбедносни задачи и цели едноставно не смеат да се прекинат, односно мора да постои континуитет, бидејќи само на тој начин може да се гарантира успех. Интензивната соработка помеѓу владите на многу држави и ПВК ја гарантираат иднината на некои договори, што води кон поцврсти и зрели врски помеѓу јавниот и приватниот сектор. Токму поради тоа, постојат причини што може да потврдат дека безбедносните партнерства и приватните воени компании ќе метастазираат во каментемелник на државната одбрана и безбедност на 21 век.

Потрагата по безбедносни извори на енергија лесно може да ги претвори природните богатства во извори на нови конфликти и вооружени судири. На пример, автониомната област на север од Ирак, која е населена со Курди, е богата со нафта. Од друга страна, „режимот“ што ја контролира оваа област е во некој вид конфликт со владата во Багдад поради поделба на приходите од продажбата на нафта. На другиот крај од државата, каде што се наоѓаат ирачки нафтени постројки за извоз, постојат територијални спорови помеѓу Кувајт, Ирак и Иран. Големите наоѓалишта на нафта и гас во областа на Артикот во иднина би можеле да доведат до политички, економски, па дури и до вооружени конфликти помеѓу Канада, Данска, Норвешка, Русија и САД, ако се земе предвид дека постои совпаѓање во барањата на овие држави за правото на користење на овие природни ресурси. ■



(Втор дел)

# РОМАНИЈА



# ГРАВИТАЦИСКИ ЦЕНТАР ЗА ОДБРАНА И ОДВРАЌАЊЕ



Пишува: д-р Златко Кузманов

Во првиот дел ја објаснивме геостратегиската позиција на Романија во регионот на Црното Море и во плановите за одбрана и одвраќање на САД (НАТО). Дадовме детален осврт како се зајкнува противракетната одбрана во Југоисточна Европа и осврт за отворањето на воени ракетни и авиобази на САД (НАТО) на територијата на Романија. Во оваа продолжение на трудот ќе ја поддржиме тезата дека Романија и регионот на Црното Море се гравитациски центар за одбрана и одвраќање на САД (НАТО, со презентирање на податоци за зајкнато воено присуство на силите на НАТО (САД) и за енормните вложувања на Романија за модернизирање на нејзините вооружени сили.

Анексијата на полуостровот Крим од страна на Русија во февруари-март 2014 година, го забрза и процесот на зајкнување на силите на НАТО (САД) во ЈИ Европа. Така, на Самитот на НАТО во Варшава во 2016 година, во согласност со НАТО Иницијативата за борбена подготвеност, била донесена одлука за воспоставување на „Зајакнато предно присуство“ (NATO Enhanced Presence - eFP). Ова практично значеше распоредување на 4 мултинационални баталјонски борбени групи во Естонија, Латвија, Литванија и Полска, кое започна во 2017 година. Влошувањето на безбедноста и агресијата на Русија врз Украина во февруари 2022 година ја принуди НАТО алијансата да ги зголеми силите за „Зајакнато предно присуство“, со формирање на уште 4 нови баталјонски борбени групи (ББГ) во Словачка, Унгарија, Романија и Бугарија. Според плановите, овие ББГ треба постепено да прераснат во бригади и дивизии, а сите се дел од Мултинационалниот корпус „Североисток“, со команда во градот Шчечињ лоциран во северозападна Полска, во близина на границата со Германија.

Севкупната сложена и влошена безбедност во Европа ги предизвика членките на НАТО да го приспособат и да го изменат и постојниот „НАТО Стратегиски концепт 2030“, што беше сторено на Самитот на НАТО во Мадрид, во јуни 2022 година. На овој самит е одлучено да се формираат сили за брзо распоредување на ниво на корпуси (Rapid Deployable Corps). Најпрво ќе се формираат штабови за 9 корпуси за брзо распоредување и за висока подготвеност, кои ќе можат за кратко време да бидат распоредени да предводат над 300.000 војници на членките на НАТО. Еден од овие 9 корпуси е погоре споменатиот Мултинационален корпус „Североисток“.

Силите за „Зајкнато предно присуство“ на Мултинационалниот корпус „Североисток“ се организирани во 4 мултинационални дивизии: МНД „Север“, МНД „Североисток“, МНД „Центар“ и МНД „Југоисток“. На територијата на Романија, со команда во градот Букурешт, распоредена е Мултинационалната дивизија „Југоисток“, која во својот состав ги има следните борбени групи:

1. Борбена група во Словачка (лидер држава е Чешка и нејзината армија).
2. Борбена група во Унгарија (лидер држава е Унгарија и нејзината армија).
3. Борбена група во Романија ( лидер држава е Франција и нејзината армија).
4. Борбена група во Бугарија (лидер држава е Италија и нејзината армија).

Значајно е да се наведе, дека во склоп на борбената група во Романија, со своја единица учествува и нашата армија, како и во БГ во Бугарија и во Латвија.

Целата организациска структура на Мултинационалниот корпус „Североисток“, со сите негови потчинети мултинационални дивизии и борбени групи, ќе ја претставиме со следната Шема:

**Зајакнато предно присуство (NATO Enhanced Presence - eFP)**

Мултинационален корпус „Североисток“ (со команда во Шчечињ, Полска)

Овој корпус е составен од следните мултинационални дивизии:

1. Мултинационална дивизија „Север“ (со команда во Адази, Латвија и Каруп, Данска). Составена е од:
   1.1. Борбена група во Естонија (лидер држава е В.Британија)
   1.2. Борбена група во Латвија (лидер држава е Канада)
2. Мултинационална дивизија „Североисток“ (со команда во Елблаг, Полска). Составена од:
   2.1. Борбена група во Литванија (лидер држава е Германија)
   2.2. Борбена група во Полска (лидер држава е САД)
3. Мултинационална дивизија „Центар“ (со команда во Szekesfehervar, Унгарија)
4. Мултинационална дивизија „Југоисток“ (со команда во Букурешт, Романија). Составена од:
   4.1. Борбена група во Словачка (лидер држава е Чешка)
   4.2. Борбена група во Унгарија (лидер држава е Унгарија)
   4.3. Борбена група во Романија (лидер држава е Франција)
   4.4. Борбена група во Бугарија (лидер држава е Италија)

Стратегиските определби на Романија за зајкнување на националната безбедност и одбрана и за нејзин активен придонес во НАТО алијансата, се составен дел и од нејзините закони и највисоки стратегиски документи. Би ги издвоил позначајните: Насоките за Стратегијата за национална одбрана, Националната стратегија за одбрана, Националниот политички договор за зголемување на одбранбените ресурси, Воената стратегија, Белата книга за одбраната и Програмата за трансформација, развој и опремување на вооружените сили на Романија. За безбедноста во регионот на Црното Море, за Романија е многу важна соработката и партнерството и со останатите земји членки на НАТО. Во таа насока се интензивира и соработката и со Бугарија која, исто така, е нераскинлив дел од стратегиски важниот регион на Црното Море. Интересно е да се нагласи податокот што не беше премногу јавно експлоатиран од минатогодишниот 75-ти јубилеен НАТО Самит во Вашингтон, САД. Имено, на затворените сесии, Романија и Бугарија потпишаа Меморандум за разбирање со кој се обврзаа да формираат Регионална специјална оперативна команда за Црното Море (Regional Special Operations Command for the Black Sea - HQ R-SOCC). Оваа нова команда ќе ги интегрира специјалните сили на Романија и Бугарија преку нова структура за командување и контрола (C2), која ќе спроведува специјални НАТО мисии во регионот. Главна задача на овие мисии ќе им биде да ги штитат трговските бродови, да спроведуваат инспекција и одлучно да ги поддржуваат и да ги штитат стратегиските интереси на НАТО во тој регион. Како потврда за значајното место и улога на Романија во стратегиското жариште на Црното Море, говори и фактот дека во март 2024 година, во организација на Националниот одбранбен универзитет на Романија „Карол Први“ во Букурешт, е одржан затворен дводневен Форум и Безбедносна конференција за Црното Море (Romanian Parliamentary Black Sea Forum and the Black Sea Security Conference).




На одбранбен и воен план, Романија е една од членките на НАТО со значителни вложувања за модернизација на Вооружените сили и за набавка на современи борбени системи во сите видови на Армијата. Воениот буџет енормно е зголемен. Така, во 2023 година Романија за одбрана издвојувала 7,6 милијарди долари, додека во 2024 година, буџетот за одбрана изнесувал 20 милијарди долари. Со амбициозниот Долгорочен план за развој на одбраната, до 2030 година е предвидено да се потрошат дополнителни 19 милијарди долари. Со овој план е договорено да се набават околу 200 оклопни борбени возила „Пирана“ од Шведска, самоодни хаубици 155мм од Јужна Кореја, околу 280 лесни оклопни борбени возила „Отокар 1059“ и „Кобра 2“ од Турција, а дополнително 700 такви возила да се произведат во фабриките во Романија. Договорена е и набавка на 32 повеќенаменски борбени авиони „Ф-35“ од САД, набавка на 7 батерии противракетен систем „Патриот“ од САД, набавени се 12 воени хеликоптери „S-70 Black Hawks“ од САД, потоа 52 борбени авиони „Ф-16“ од Норвешка и Португалија и друга воена опрема и средства.

Анализираните податоци за Романија ја потврдуваат нејзината решеност да развива комплексен и јак национален одбранбен и безбедносен систем кој, исто така, има стратегиски важна улога во актуелните и идни планови за одбрана и одвраќање на САД (НАТО). Од тие причини, севкупната поддршка која ја добива Романија, особено од САД, е исклучителна. Можеме да констатираме дека, Романија не е само обична членка на НАТО алијансата, таа е клучен елемент во одбранбените стратегии во ЈИ на САД (НАТО). Романија служи како главен канал за доставување воена помош за Украина и за олеснување на извозот на украинската пченица преку Црното Море. Дестабилизирањето на Романија може да ја наруши меѓународната поддршка за Украина, да предизвика економска и дипломатска изолација на Р. Молдавија, која се соочува со зголемено влијание од Русија. Компромитирањето на Романија може да ја наруши способноста на НАТО да обезбеди стабилност во Регионот на Црното Море и пошироко. Безбедносно и одбранбено јака Романија, во исто време недвосмислено подразбира и политички и економски јака и стабилна Романија, која треба цврсто да опстои на утврдениот пат и евроатлантска ориентација. ■

**Корпуси за брзо распоредување (Rapid Deployable Corps) на НАТО (ЕУ)**

1. Мултинационален корпус „Североисток“ со команда во Полска (Шчечињ) и во Литванија.
2. НАТО корпус за брзо распоредување со команда во Грција (Солун).
3. Корпус за брзо распоредување со команда во Р. Франција (Lille).
4. НАТО корпус за брзо распоредување со команда во во Шпанија (Бетера).
5. НАТО корпус за брзо распоредување со команда во Турција (Истанбул).
6. НАТО корпус за брзо распоредување со команда во Италија (Solbiate Olona).
7. Прв Германско-холандски корпус со команда во Германија (Muste-Altstadt).
8. EUROCORPS , со команда во Р. Франција (Стразбур).
9. Здружен корпус за брза реакција (CARRC), со команда во В. Британија (Cloucester).






# ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ ВО АРМИЈАТА

Пишува: потполковник Милена Чатмова

Имајќи ја предвид специфичноста на Армијата и нејзината поставеност која почива врз основа на принципите на хиерархија и субординација, дисциплината претставува основа за нејзината оперативност и функционалност.

Водењето дисциплинска постапка во рамките на Армијата е пропишано во Законот за служба во Армијата и во Правилникот за начинот на поведување и водење на дисциплинската постапка за утврдување дисциплинска одговорност на воениот и на цивилниот персонал на служба во Армијата и начинот на работата на комисиите за спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност.

Воената дисциплина подразбира збир на правила и однесување на припадниците на Армијата кои мора да се почитуваат.

Воениот и цивилниот персонал е дисциплински одговорен за повреда на воената дисциплина. Постојат два вида на повреда на воената дисциплина, а тоа се дисциплинска неуредност и дисциплински престап. Дисциплинска неуредност преставува полесна повреда на воената дисциплина, а дисциплински  престап претставува потешка повреда на воената дисциплина, односно потешка повреда на угледот на службата или на угледот на воениот и  на цивилниот персонал.

Воениот и цивилниот персонал имаат право да поднесат иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против воен и цивилен персонал која мора да биде образложена. Иницијативата се поднесува до надлежните лица за изрекување на дисциплински мерки до непосредно претпоставениот старешина, односно непосредно претпоставениот раководен државен службеник и до сторителот на повредата на воената дисциплина, со цел да биде запознаен со постапката и му се дава можност да се произнесе по сите наводи што постојат против него во рок од 5 дена од денот на добивањето на иницијативата.

Иницијативата мора да содржи опис на дејството, коешто претставува повреда на воената дисциплина (со наведување на датумот, часот и местото на кое е сторена повредата на воената дисциплина), докази и други потребни податоци за целосно и вистинито утврдување на фактичката состојба: означување на подносителот на иницијативата (должност, чин, име, татково име и презиме и потпис); надлежното лице до кое се поднесува иницијативата; штембил и деловоден број од воената пошта или организациската единица каде што е поднесена иницијативата и податоци за лицето против кое се поднесува иницијативата (име и презиме, чин, воена пошта). Доколку лицето против кое е поднесена иницијативата во меѓувреме е преместено од организационата, односно воената еди-



ница каде што е сторена повредата, иницијативата за поведување на дисциплинската постапка се доставува до надлежното лице на организационата, односно воената единица во која е преместено лицето.

Дисциплинската одговорност на лицето се утврдува на расправа пред комисија со која раководи претседателот на комисијата и истата се формира од страна на надлежното лице за донесување дисциплински мерки. Исто така, важно е да се напомене дека мора да се почитуваат законските рокови, предвидени за поведување на постапка, односно поведувањето дисциплинска постапка застарува во рок од 60 дена од денот кога претпоставениот дознал за повредата на воената дисциплина и дисциплинска постапка не може да се поведе ако од денот кога е сторена повредата на воената дисциплина поминале шест месеци.

Дисциплинската постапка во прв степен не може да се води подолго од четири месеци, сметано од денот на поведувањето на постапката, а дисциплинската мерка не може да се изврши по истекот на три месеца од денот кога решението за изречената дисциплинска мерка станало конечно. Поканата за расправа пред комисијата се доставува до сведоците и до лицето против кое е покрената постапката. Доставувањето на поканите се врши во согласност со одредбите од Законот за општа управна постапка. Доколку поканите се уредно доставени, а пријавениот не го оправда своето отсуство, во тој случај комисијата може да одлучи и во негово отсуство. Комисијата има задача да го повика и да го ислуша пријавениот врз основа на наводите изнесени во иницијативата, да прибира докази и да повикува дополнителни сведоци доколку смета дека е потребно и е од значење за донесување правична одлука. Притоа, за сите преземени дејства во постапката, сослушување на лица и за советување и гласање на вината и дисциплинската мерка, се водат записници кои ги потпишуваат сите членови на комисијата. Доколку од страна на комисијата се предложени различни видови на дисциплински мерки, комисијата го повторува советувањето и гласањето за дисциплинската мерка и предлага единствена дисциплинска мерка. Предлог-одлуката донесена од страна на комисијата мора да содржи, во формална смисла, вовед, изрека и образложение за предложената одлука и истата ја доставува до надлежното лице за донесување дисциплински мерки.

Надлежното лице може да го прифати предлогот на комисијата или во рамките на своите законски овластувања да донесе соодветно решение. Доколку, пак, надлежното лице смета дека за сторената повреда на воената дисциплина треба да се изрече дисциплинска мерка „престанок на работниот однос“, „престанок на статус активен воен персонал“ и „губење на чинот“, во тој случај иницијативата, со сите списи, најдоцна за пет дена се доставува до главната военодисциплинска комисија. Воениот и цивилниот персонал има право на жалба против решението со кое е изречена дисциплинска мерк. Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението до непосредно претпоставениот на лицето кое го донело решението со кое е изречена дисциплинската мерка. Па, така, по жалбата поднесена против решението донесено од началникот на Генералштабот на Армијата одлучува министерот за одбрана, а по жалбата поднесена против решението донесено од министерот за одбрана, одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Решението, коешто ќе се донесе после поднесувањето на жалбата, се смета за конечно. ■



# Вештачката интелигенција и сајбер-безбедноста




## ПРЕДНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Во дигиталната ера, сајбер-безбедноста стана еден од најзначајните предизвици за индивидуите, за компаниите и з владините организации. Со зголемената употреба на технологијата се зголемуваат и заканите од сајбер-напади, хакерски напади, фишинг-кампањи и други форми на дигитални закани. За справување со овие предизвици, вештачката интелигенција (ВИ) игра клучна улога за изнаоѓање модерни решенија за сајбер-безбедноста.

**Вештачката интелигенција како алатка за подобрување на сајбер-безбедноста**

Вештачката интелигенција се применува во различни аспекти на сајбер-безбедноста, обезбедувајќи напредни алатки за детекција, анализа и спречување на заканите. Некои од најзначајните примени на ВИ во оваа област вклучуваат:

**1. Автоматизирана детекција и превенција од напади**

Вештачката интелигенција овозможува автоматско препознавање на сомнителни активности во реално време, преку анализа на големи количини на податоци и идентификација на аномалии. Машинското учење може да препознае обрасци на малициозно однесување, што помага во превенција од „фишинг“ напади, малициозен софтвер и други закани. Со напредните технологии, системите базирани на ВИ можат да реагираат во реално време и да блокираат потенцијални закани уште пред тие да предизвикаат значителна штета.

Дополнително, ВИ може да помогне во откривање на сложени напади како што се напредни постојани закани (APT), каде што напаѓачите остануваат незабележани во системите подолг временски период. Ова е особено важно за големите компании и владини организации, кои честопати се цел на хакерските групи.

**2. Предвидлива анализа**

Со употреба на алгоритми за предвидување, ВИ може да идентификува потенцијални закани уште пред да се случат. Ова овозможува проактивен пристап кон безбедноста, наместо традиционалниот реактивен пристап. Преку машинско учење, безбедносните системи можат да научат од минатите инциденти и да предвидат нови модели на напади, помагајќи им на организациите подобро да ги заштитат своите податоци и мрежи. На пример, со анализирање на податоците од претходни напади, ВИ може да препознае одредени обрасци на малициозно однесување и да предложи заштитни мерки уште пред нападот да се случи. Ова е особено корисно во борбата против „фишинг“ нападите, каде што ВИ може да препознае сомнителни е-пошти и да ги блокира пред корисникот да ги отвори.

**3. Автоматизирано одговарање на инциденти**

Во случај на безбедносен инцидент, ВИ може брзо да анализира и да одговори на нападот, без да има потреба од човечка интервенција. Ова значително го намалува времето за одговор и ја минимизира штетата предизвикана од нападите.

На пример, ВИ може автоматски да го изолира заразениот систем од мрежата, да спроведе анализа на штетата и да препорача или да имплементира коректривни мерки. Исто така, може да се интегрира со системи за автоматизирано управување со инциденти (SOAR), што овозможува уште побрза и поефикасна реакција на заканите. Ваквата брзина на одговор може да биде клучна за спречување на сериозни финансиски и оперативни загуби.

Пишува: Ј. П.

**4. Подобрена автентикација и заштита на податоците**

Биометриските системи кои користат ВИ, како што се препознавање на лице или глас, обезбедуваат повисоко ниво на безбедност при пристап до чувствителни податоци. Вештачката интелигенција, исто така, може да помогне за заштитата на енкриптираните податоци и за спречување на неовластен пристап. Дополнително, ВИ може да се користи за континуирано следење на активностите на корисниците и да идентификува сомнителни активности кои може да укажуваат на потенцијален сајбер-напад. На пример, со користење на анализи на однесување, ВИ може да препознае кога некој корисник се однесува поинаку од неговите вообичаени навики, што може да биде знак за компромитиран профил.

**5. Автоматизирано управување со закани**

Еден од најголемите предизвици во сајбер-безбедноста е брзината со која се развиваат нови закани. Системите на вештачка интелигенција можат автоматски да собираат информации од глобални извори за безбедносни инциденти, да ги анализираат и да ги имплементираат најдобрите практики за заштита во реално време. Ова значи дека организациите можат побрзо да ги ажурираат своите безбедносни стратегии и да се заштитат од најновите сајбер-напади.

**Позитивни страни од користењето на вештачка интелигенција во сајбер-безбедноста:**

- побрза и поефикасна детекција на закани – вештачката интелигенција може да анализира огромни количини на податоци во реално време и да идентификува сомнителни активности побрзо од традиционалните методи;
- минимизирање на човечките грешки – со автоматизација на процесите се намалува можноста за грешки кои може да бидат предизвикани од луѓето;
- проактивен пристап – вештачката интелигенција овозможува предвидување на потенцијални напади (наместо да се реагира само откако тие ќе се случат);
- подобра адаптација на нови закани – системите на вештачка интелигенција постојано учат и се приспособуваат на новите методи на сајбер-напади;
- намалување на работниот товар на безбедносните експерти – автоматизацијата со вештачка интелигенција ги олеснува задачите на безбедносните тимови, ослободувајќи време за покомплексни анализи.



**Негативни страни и предизвици при користење на вештачката интелигенција во сајбер-безбедноста**

И покрај многуте предности, користењето на ВИ во сајбер безбедноста доаѓа и со одредени ризици и предизвици:

- зависност од вештачка интелигенција и можни лажни позитивни детекции – системите на вештачка интелигенција може да дадат неточни резултати, а тоа може да доведе до непотребни безбедносни аларми;
- злоупотреба на вештачката интелигенција од страна на хакери – напаѓачите, исто така користат вештачка интелигенција за да создадат понапредни методи на напади, како што се автоматизирани „фишинг“ напади и малвери кои се приспособуваат на безбедносните мерки;
- високи трошоци за имплементација – напредните решенија бараат значителни финансиски средства и експертиза за интеграција и одржување на вештачката интелигенција;
- приватност и етички прашања – користењето на вештачката интелигенција во безбедноста може да доведе до загриженост за приватноста, особено кога се користат биометриски системи за идентификација;
- ризик од надминување на човечката контрола – доколку системите за безбедност со вештачка интелигенција станат премногу автономни, може да настанат проблеми во случај на погрешни одлуки кои не може навремено да бидат корегирани.



**Заклучок**

Вештачката интелигенција има огромен потенцијал да ја трансформира сајбер-безбедноста. Сепак, потребно е внимателно управување со нејзините ризици и балансирање помеѓу автоматизацијата и човечката контрола. Организациите мора да бидат свесни за предизвиците и да ги користат напредните технологии на начин кој обезбедува максимална безбедност, но и одржување на доверливоста и приватноста на податоците.

Иднината на сајбер-безбедноста лежи во интеграцијата на ВИ со другите напредни технологии, како што се „блокчејн“, квантни компјутери и 5G-мрежи. Со правилна имплементација и постојано подобрување, вештачката интелигенција може да стане незаменлива алатка во борбата против дигиталните закани и за заштита на критичните информации во глобализираниот дигитален свет. ■

## Улогата на подофицерите во извршувањето на концептот „Mission Command“



# ПРЕДИЗВИЦИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ ПРИ НЕКОНВЕНЦИОНАЛНО ВОЈУВАЊЕ



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Неконвенционално војување е сложена и динамична работна средина која честопати вклучува долги периоди на стрес и неизвесност. Управувањето со стресот е критична компонента на успехот на мисијата при неконвенционално војување, но може да биде и предизвик поради неколку фактори:

**Изложеност на траума**

Изложеноста на траума е вообичаено искуство за некои поединци кои учествуваат во неконвенционални војни, како што се герилска војна или бунт. Траумата може да произлезе од различни извори, вклучително и борба, сведоци на насилство и сведочење за прекршување на човековите права. Психолошкото влијание на траумата може да биде значајно и долготрајно, со симптоми како што се анксиозност, депресија и посттрауматско стресно растројство (ПТСР). Дополнително, изложеноста на траума може да има социјални и културни последици, бидејќи поединците може да доживеат стигма и маргинализација поради нивните искуства. Обезбедувањето соодветна поддршка и ресурси на лицата изложени на трауми за време на неконвенционално војување е од суштинско значење, бидејќи има цел да им се помогне на војниците да закрепнат и да ги обноват своите животи. Командирите на одделенија и првите подофицери во водот први реагираат на психолошкото влијание врз нивните војници. Тие, со самото тоа што одлично го познаваат својот персонал, неговите можности и менталната стабилност на секој поединец, ефикасно се справуваат со изложеноста на трауми во одделението/водот. Преку секојдневни разговори со војниците, подофицерите ја одржуваат стабилноста на единицата во секакви услови, овозможувајќи им на командантите да имаат на располагање борбено подготвени единици во секое време.

**Продолжено распоредување**

Продолженото распоредување е вообичаено искуство за некои поединци

кои учествуваат во неконвенционално војување, бидејќи конфликтите може да траат со години, па дури и со децении. Продолжената одвоеност од семејството и најблиските, изложеноста на опасност и насилство, како и високото ниво на стрес, поврзани со продолженото распоредување, може да доведат до најразлични проблеми со менталното и физичкото здравје – депресија, анксиозност, злоупотреба на супстанци и ПТСР. Долготрајното распоредување може значително да влијае на членовите на семејството, кои може да доживеат стрес, вознемиреност и други проблеми со менталното здравје. Од суштинско значење е да се обезбеди соодветна стручна психолошка поддршка и ресурси за припадниците на Армијата и нивните семејства за време на продолженото распоредување, за да се минимизираат негативните ефекти од ова искуство. (Морисет, и други. 2017). Освен продолженото распоредување, како фактор на ризик може да се земе и распоредувањето во очекувачки реон подолго време (мисиите на НАТО ,,Засилено напредно присуство“ – Enhanced Forward Presence и ,,Засилени активности на будност“ – Enhanced Vigilance Activities), каде што персоналот долго време се наоѓа во состојба на очекување на наредби за мисија. Ваквото очекување е стресно и можеби уште поопасно за менталната состојба на воениот персонал отколку продолженото распоредување поради недостатокот на предвидливост. Оваа состојба на продолжено распоредување и распоредување во очекувачки реон, повторно ја става на испит лидерската позиција на подофицерите. Тие, како дел од тимот, постојано се тука за сите војници, обезбедувајќи им ги сите информации од повисоката команда, со што влијаат на намалување на анксиозноста и стресот, создавајќи предвидливост на настаните и обезбедувајќи ментална цврстина кај своите потчинети.



**Недостаток од предвидливост**

Недостатокот од предвидливост е значајна карактеристика на неконвенционалното војување, што е предизвик за воениот персонал ефикасно да ги планира и да ги извршува операциите. Неконвенционалното војување вклучува неконвенционални тактики и стратегии, вклучувајќи импровизирани експлозивни направи (IEDs) и самоубиствени бомбашки напади кои можат да се случат без предупредување. Непредвидливата природа на овие напади создава значителен стрес и вознемиреност кај воениот персонал. бидејќи тие никогаш не знаат кога ќе се случи нападот или како соодветно да одговорат. Дополнително, недостатокот од предвидливост може да го отежне оценувањето на напредокот или одредувањето кога конфликтот може да заврши. Од суштинско значење е да се развијат стручни психолошки приспособливи стратегии и програми за обука, кои ќе му овозможат на воениот персонал ефикасно да одговори на непредвидливоста на неконвенционалното војување.

Најдобар пример за ова е програмата „H2F“ (Holistic Health and Fitness) во Армијата на САД, која е одлична алатка за лидерите, особено за подофицерите, да се справат со стресот во единицата. Со спроведувањето на одредбите на оваа програма, подофицерите го намалуваат стресот и влијаат на тоа нивните војници подобро да се справат со стресот. Само војник којшто добро се одморил или отспал е физички подготвен, ментално силен, духовно стабилен, исто и оној кој се храни правилно, така што само тој може без проблем да изврши каква било задача (U.S. Department of the Army, 2020 година).

Сепак, управувањето со стресот за време на неконвенционално војување е сложен и тековен процес кој бара сеопфатен пристап. Решавањето на уникатните предизвици поврзани со неконвенционалното војување и обезбедувањето на припадниците на Армијата со поддршка и ресурси што им се потребни, може да промовира отпорност и благосостојба наспроти стресот и катастрофите. Командирите на одделенија и првите подофицери во водовите играат клучна улога во управувањето со овие предизвици. Тие, со правилно ангажирање на војниците, им овозможуваат редовно да се одмораат, да јадат редовно, но и да ја одржуваат својата ментална и физичка кондиција. За да се промовира силата и благосостојбата во услови на стрес и катастрофа, лидерските карактерни атрибути се клучни во неконвенционалното војување, бидејќи помагаат да се изгради доверба, да се поттикне кохезија и да се негува заедничко чувство за цел помеѓу припадниците на Армијата. ■



*„Бајонетот секогаш бил оружје на храбрите и алат на победата“.*
**Наполеон Бонопарта**





# БАЈОНЕТ – ПОМЕЃУ ЧЕЛИКОТ И ОГНОТ

Пишува: Виктор Крстевски

**Бајонет (француски: Baïonnette) е вид нож или бодеж, кој на специфичен начин, со бравење во посебно лежиште, е прицврстен на врвот на цевката на пушката. Бајонетот е наменет за блиска борба, кога пушката се користи како кратко копје, каде преку замавнување или бодење, на противникот треба да му се нанесат смртоносни повреди во вид на исеченици или прободувања.**

Човекот, уште од постанокот, ја уочил инфериорноста помеѓу него и останатите сверови и предатори во поглед на нивната сила и природната обдареност со канџи и долги заби. Поседувањето на „долгиот заб“ за првобитниот човек нее само желба туку и е есецијална потреба, како би се одбранил и спротивставил на дивите животни, како би ги усмртил ловејќи ги, како би го обработил уловениот дивеч, како би иразботил најразлични алатки и живеалишта и најважно од се, како би ја сочувал и проширил неговата територија борејќи се со другите луѓе. Остар предмет во вид на сечило или бодеж изработен од дрво, камен, коска или рог, во минатото се покажал како идеална замена за „долгиот заб“.

Првите ножеви се појавиле во Египет 3000 година пр.н.е и во Скандинавија, некаде 1800-1500 година пр.н.е. Овие ножеви биле изработени од кварцит или опсидијан (вулканско стакло), мошне остар кристал кој и денес наоѓа употреба во современата медицинска хирургија како скалпер кој има подобри карактеристики и од најквалитениот современ челичен скалпер (Logan Thompson, „Daggers and Bayonets“). Појавата на првата пушка „Аркебуза“ (Arquebus gun) во 14 век, а подоцна и со појавувањето на пушката на црн барут наречена „Мускета“ (Musket rifle), кон крајот на 16 и почетокот на 17 век настануваат значителни промени во начините на војувањето. Првите пушки полека ги заменуваат тогашните примарни оружја, копјата, лаковите и стрелите, самострелите, мечовите и сабјите, додека бројноста, формацијата, движењето, маневарот и тактиката на војувањето започнува да се приспособува на новото рачно огнено оружје. Употребата на „мускетите“ е проследена со низа недостатоци, каде што „Мускетарите“ (војници вооружени со „мускети“), се соочуваат со сериозен проблем при полнењето на „мускетите“ помеѓу две стрелби, бидејќи после првата стрелба, на добро извежбан војник му било потребно околу 20 секунди до 1 минута за повторно да ја наполни пушката која се полни низ отворот на цевката со помош на фишек (во кој се сместени зрното и барутот меѓусебно, одвоени со парче хартија или ткаенина). Ваквиот начин на полнење на „Мускетата“ помеѓу две стрелби, создавал состојба на ранливост кај војниците помеѓу две преполнување на пушката. Првично овој проблем бил надминат со тоа што се дејствувало од дворедна формација каде што првата редица била вооружена со „мускети“, а втората редица дејствувала со кратки копја за заштита на првиот ред на војници, додека повторно да ги наполнат и да ги подготват пушките за дејство. Подоцна, вториот ред војници бил заменет со уште еден ред на „Мускетари“, кои дејствувале наизменечно во однос на првата редица, која откако ќе извршила истрелување, започнувала со полнење на „мускетите“, додека втората редица дејствувала со пушките, и така наизменично. Вооружувањето на војниците се состело од пушка „мускета“ како примарно оружје, и од сабја и бодеж како секундарно оружје. Подоцна останал да се користи само бодежот како секундарно оружје, кој ќе биде и основа за настанување на бајонетот.

За прв пат бајонетот се спомнува во Котгревјовиот речник од 1611 година како мал бодеж, односно Пјер Борел 1655 година ќе запише дека во градот Бајон се користи еден вид нож наречен бајонет, кој се прицврстува на врвот на пушката.

Зборот „бајонет“ се поврзува со францускиот град Бајон (Bayonne), кој во сред-

ниот век претставувал познат регионален центар за произведување на најразлични фиксни и преклопни ножеви со висок квалитет, кои по градот Бајон, каде што се произведени, се нарекуваат бајонети. Богатата буржоаска елита ги користи еднометните пушки „мускети“ за лов на диви свињи во околните ловишта на градот Бајон, со цел да се заштити од евентуални напади на ранетите диви свињи. Откако ќе биде извршено стрелањето со „мускетата“, ловците, на врвот на пушката прицврстувале ножеви како опција за користење на пушката како копје за одбрана од евентуален напад од ранетите животни. Оваа идеја била забележана од локалната војска, која препознала можност ножот да се користи прицврстен на врвот на пушката како копје во борба со непријателските војници после извршеното истрелување помеѓу две преполнувања.

Бајонетите се развиле од бодежите некаде кон средината на 17 век, како секундарно оружје на пешадијата, која пушката ја користи како примарно оружје, каде што бајонетот се користи како нож кога се држи во рака односно, кога е закачен на пушката, тогаш служи како кратко копје.

Првите записи за употреба на бајонетот во војувањата низ европските војувалишта се среќава во мемоарите на Жак де Жастен и Виконте де Пуисегера, кои велат дека француските војници во текот на триесетгодишната војна, на пушките „Мускет“ користат прицврстени бодежи во должина од 30сантиметри. Францускиот генерал Жан Мартин во 1671 год. употребил стандардизирани бајонети за опремување на пешадиски стрелачки полк. Настанувањето на бајонетот започнува со појавата на европскиот средновековен бодеж (Dagger), кој претставува намалена верзија на мечот „Рапир“ (Rapier), со просечна должина од 50 см, со шилест врв во облик на буквата „V“ и тенка конусна дршка. Токму ваквиот бодеж ќе биде појдовна идеја за развивање и настанување на бајонетите, бидејќи војниците вооружени со „мускети“, откако ќе извршиле истрелување, додека да извршат повторно полнење на мускетите, во случај на непосредна физичка опасност ги ставале бодежите со рачката во цевката на пушката која потоа ја користеле како кратко копје, поради можноста тенката конусна рачка од „дагерот“ да влезе во отворот на цевката на „мускетата“. Ваквата употреба на бодежите имала многу негативности, бидејќи бодежите лесно испаѓале и војниците ги губеле на бојното поле, се нарушувал балансот помеѓу пушката и стрелецот. Откако бодежот (дршката од бодежот) ќе се ставел во цевката на пушката, истата не можела повторно да се полни или, пак, да се стрела со наполнета пушка, се додека бодежот повторно не бил изваден од цевката.



Битката кај Киликренки (позната и како битка кај Ринорија) на 27 јули 1689 година, помеѓу шкотските „Јакобити“ и Британската кралска војска под команда на генералот Хју Мек-Кеј, е одлучувачка битка која ќе го одреди понатамошниот развој на бајонетите, бидејќи во битката кај Киликренки за првпат доаѓа до организирана воена употреба на бајонетите. Британската војска бројно била помоќна – 5100 војници наспроти 2500 до 3000 војници од шкотското локално население и Французи. На почетокот на битката дошло до судир помеѓу британскиот полк на Балфур и „Јакобитите“, каде што првата линија на британската војска ќе изврши истрелување на три плотуни и притоа ќе бидат убиени околу 600 непријателски војници, за потоа да бидат ставени бајонети во цевките на пушките што, всушност, ќе биде и кардинална грешка, поради неможноста пушките повторно да се наполнат и да се дејствува со нив. На тој начин „Јакобитите“ и локалното население добиле можност и тактичка предност, вооружени со секири и мечеви, во борба „гради в гради“, да извојуваат победа, убивајќи и ранувајќи 1700 до 2000 кралски војници.

Во 1689 година, францускиот благородник и маркиз Пуисегур го конструирал првиот бајонет познат како „прстен-бајонет“ (Ring Bayonet), каде што на дршката на бодежот (Dagger), се додават 2 до 4 прстени преку кои бодежот се навлекува и се прицврстува на цевката на пушката. Подоцна, под влијание на познатиот француски маршал Вобан (Sebastjen le Pretr de Voban), во 1730 година, се создава првиот бајонет кој може да се поставува, односно да се фиксира и да се вади од пушката. Овој бајонет бил наречен „Сокед бајонет“ (Socket Bayonet). Во 1800 година за британската пушка „Патерн“ (Pattern 1800 Infantry rifle-musket, Caliber 15,5mm), позната и како Бејкерова пушка, бил дизајниран бајонет-меч (Sword Bayonet), дизајниран како краток меч или долг нож, со просечна должина од 70 сантиметри. Бајонетот-меч, поради неговата големина бил погоден и за користење како алатка за сечење и цепење на дрва за оган, за обработка на стебла за заклони, за отворање на лимени кутии и буриња, а подоцна со додавање на запци на горниот дел на сечилото, бајонетот можел да се користи и како пила за сечење и за обработка на материјали од дрво, додека во блиска борба, со овој бајонет им биле нанесувани ужасни повреди на непријателските војници. ■





# Генерал ЏЕЈМС ДУЛИТЛ Воен лидер кој ги поместил границите на возможното



Пишува: полковник Златко Блажески

Втората светска војна, покрај тоа што ќе остане препознатлива по големите ужаси и страдања, истовремено истакна и одредени личности кои со нивните способности демонстрираа несекојдневни особини и лидерски атрибути. Една од тие личности со сигурност е генералот Џејмс Дулитл, кој со својата одважна акција успеа да постигне стратешки психолошки успех, да направи нешто дотогаш не било сфатливо, што се мислело дека не е возможно, користејќи притоа личен пример и извонредно лидерство. Иако овој воен лидер најчесто е препознаен по реализацијата на операцијата за бомбардирање на Јапонија (Нападот на Дулитл), тој во својата кариера има уште многу други достигнувања како воен лидер.

Џејмс Дулитл е роден на 14 декември 1896 година во Аламеда, Калифорнија. Од своите родители, особено од својот татко, уште во младоста му се вградува чувството за дисциплина, посветеност и работна етика. Своето образование го завршил во Баркли, Калифорнија, каде стекнал диплома за механички инженер, по што во 1922 година влегол во активна служба во воздухопловната служба на Армијата на САД, веднаш по активирањето Дулитл се запишал во Институтот за технологија во Масачусец (MIT) и се здобил со магистерска титула во доменот на аеронаутичкиот инженеринг. Своите пилотски крила и титулата пилот, Дулитл ја стекнал во 1923 година и уште од самиот почеток се истакнал како талентиран пилот/летач, подготвен да оди го крајните граници на можностите на воздухопловите, но и на самите летачи. Интересен факт кој ги потврдува овие карактеристики на Џејмс е дека истиот е првиот пилот кој има изведено комплетен инструментален лет и маневарот „Надворешна јамка“, кој се сметал за потенцијално смртоносен. Дулитил успева да ја спои својата иновативност и техничка способност. Пред самиот почеток на Втората светска војна, Џејмс Дулитл е веќе препознат како акредитиран пилот со значаен потенцијал. Во 1940 година Дулитл



е ангажиран од страна на Агенцијата за набавки во одбраната во разгледување на можните конверзии на фабриките за автомобили во фабрики за производство на воздухоплови.

Со влегувањето на САД во Втората светска војна, Дулитл имал чин потполковник и од страна на Командата на воздухопловните сили на Армијата на САД, е одреден да ја предводи првата возвратна операција против Јапонија после нападот на Перл Харбор. Иновативноста и досетливоста на Џејмс беше докажана и во оваа операција, кога успешно полета со бомбардер Б-25 од носачот на авиони „USS Hornet“. Успешноста на оваа операција имаше голем психолошки успех помеѓу вооружените сили на САД. Од страна на претседателот на САД, за конкретната акција Дулитл беше одликуван со медал на честа и бил воено унапреден во чин бригаден генерал. Следната позиција на која бил поставен генералот Дулитл е командант на Осмата воздухопловна сила. Во текот на Втората светска војна, командувајќи ја оваа единица, Дулитл учествувал во повеќе воздухопловни операции на Јадранот, на Тихиот Океан, во битката за Мидвеј и многу други. Иако имал чин бригаден генерал, Дулитл за време на војната ја користел секоја можност да лета со своите соборци, без разлика на опасноста да биде погоден или срушен. Иновативноста на Дулитл се докажала уште еднаш во текот на војната, кога направил измена на тактиката на поддршка на бомбардерите од страна на ловците, за разлика од дотогаш утврдената практика за непосредна блиска поддршка Дулитл издал наредба – ловците да извршат чистење/извидување и пресретнување на непријателските ловци-пресретнувачи пред самите бомбардери, со што се намалил ефектот на ненадеен напад на бомбардерите и воедно непријателот бил ставен во подредена положба.



После завршувањето на војната генералот Дулитл останал во активна воена служба сè до 1959 година и заминал во пензија со чин генерал-потполковник. Во 1956 година тој бил поставен за претседател на Националниот советодавен комитет за аеронаутика. Овој комитет подоцна е преименуван во НАСА. Друга пасија на генералот Дулитл во период после војната е пишувањето на книги и едукацијата. Џејмс Дулитл, покрај Медалот за честа, е носител уште на неколку ордени, медали и одликувања како што се: Претседателски медал на слободата, Сребрена ѕвезда, Медал за служба, Бронзена медал, четири воздухопловни медали итн. Воедно, Дулитл е добитник на голем број обележја од странски држави, како од Белгија, Кина, Еквадор, Франција, Обединетото Кралство и Полска.

Карактеристиките на лидерството на Дулитл се неговата способност да инспирира самодоверба и лојалност кон оние кои служат под негова команда. Водењето со сопствен пример и од првите редови му носи огромна почит и восхит. Според ставовите на Дулитл, главни аспекти кои се потребни за успех на мисијата или за успешно лидерство се тргање на егото и стравот настрана и давање предност на тимскиот дух и самодовербата. Генералот Џејмс Дулитл починал на 96-годишна возраст, на 27 септември 1993 година во Пебл Биџ, Калифонија.

Во чест на овој голем воен лидер, неколку воени воздухопловни бази во САД го носат неговото име. Неговото име е дел од плејадата на славните авијатичари, неговите достигнувања се олицетворени во неколку филмови и документарни емисии. Класата на кадетите од 2000 година на престижната академија „Вест Поинт“ го носеа името на овој познат воен лидер. Во негова чест, град во државата Мисури го носи неговото име. Во неговата богата животна кариера Дулитл кажал неколку цитати кои имаат неизмерна тежина и значење, како: „Ништо не е толку јако како срцето на доброволец/волонтер“ и „Првата лекција е дека не може да изгубите војна доколку имате превласт во воздухот и обратно“.

Интересни факти кои се поврзани со генералот Дулитл се дека тој, исто така, бил и талентиран музичар кој свирел на пијано и на виолина, бил љубител на брзите мотоспортови во кои и самиот учествувал како натпреварувач. Џејмс Дулитл бил и страсен фотограф, кој често низ фотографија овековечувал одредени моменти за време на неговите воени операции и државите во кои бил ангажиран. Иако бил познат како дисциплинирана и строга воена личност, тој честопати знаел да ја покаже својата „мека страна“ со вдомување на улични кучиња и мачки.

Наследството кое генералот Дултил го остави во светската воена историја претставува синоним и одличен пример за иновативност, одважност, пожртвуваност и цврст карактер со истакнато лидерство. ■



Фото: https://artsandculture.google.com/entity/m03jm_h?hl=pt



# Операцијата „Вилфред“ – поморска операција за блокада на увоз на железна руда



Пишува: мајор Зоран Василески

**Операцијата „Вилфред“ е британска поморска операција, која се случила за време на Втората светска војна. Со оваа операција требало да се блокира каналот помеѓу Норвешка и нејзините крајбрежни острови, за да се спречи германските воени бродови да ја транспортираат шведската железна руда преку неутралните норвешки води**

## Причини за покренување на Операцијата

Велика Британија и Франција, со влегување во Втората светска војна на 3 септември 1939 година, покренале иницијатива за поморска блокада, со цел да ја ослабат Германија, така што би го спречиле важниот увоз на железна руда кој бил неопходно потребен за производство на челик и за изградба на бродови, тенкови и авиони за потребите на германските вооружени сили. Железната руда првенствено се увезувала од неутралната Шведска, а Винстон Черчил сакал да ја ограничи способноста на Германија за борба. За да го стори тоа, тој развил план за минирање на поморскиот пат долж карпестиот западен брег на Норвешка, кој го користеле германските бродови за транспорт на рудата во неутрални води и до нивните матични пристаништа. Черчил се надевал дека ќе ги принуди бродовите со руда да излезат на отворено море каде што британските бродови би можеле да






потонат или да ги заробат. Исто така, сакале да ја спречат германската инвазија на Скандинавија, зашто во спротивно, ова, во голема мера ќе ја намалело ефикасноста на блокадата и би овозможило непречено снабдување со железна руда. За да го спречат тоа, сојузниците размислувале самите тие да ги окупираат двете неутрални земји, но на крајот овој план пропаднал.

Черчил барал од своите колеги во Адмиралитетот да го одобрат планот за минирање на норвешките води, кој поради различни причини сѐ уште не бил спроведен до март 1940 година. На 3 април 1940 г. Британците почнале да добиваат извештаи за натрупување бродови и војници во балтичките германски пристаништа Росток, Шчеќин и Швиноујшче. Се претпоставува дека тоа се дел од силите испратени да се спротивстават на окупацијата на сојузниците на Скандинавија (Германците биле делумно запознаени со сојузничките планови од сопствените разузнавачки информации) и Британците донеле одлука да започнат со минирање на рутата на железна руда, одделно од операцијата „Кралска марина“, а на 8 април требало да започне спроведувањето на Операцијата.

Сојузниците претпоставувале дека операцијата „Вилфред“ ќе предизвика жесток одговор од непријателот, и затоа почнале да го спроведуваат планот „Р 4“. Со овој план требала да се спречи германската окупациј. Планот предвидувал испраќање на британски и француски сили кои требало да ги окупираат клучните норвешки пристаништа Нарвик, Ставангер, Берген и Трондхајм и да се упатат до шведската граница и да ја преземат контролата врз областите со железна руда.

## Целиот тек на Операцијата

На 3 април, четири британски крстосувачи отпловиле кон Росит каде што требало да се качат на војнички единици и да бидат транспортирани во Норвешка како дел од планот „Р 4, додека дополнителни трупи се качиле на транспортните бродови во Клајд.

На 5 април, воени бродови, кои биле составен дел од операцијата Вилфред“ и од планот „Р 4“, тргнале од главната британска поморска база во Скапа Флоу и се упатиле кон норвешкиот брег.

Планот бил да се постават две мински полиња. Првото требало да биде веднаш до Лафотенските Острови, кај устието на Вестфјорден, фјорд што води директно до пристаништето Нарвик, до кое се испраќала железната руда. Второто минско поле требало да биде во непосредна близина на полуостровот Штадтландет. На 7 април, бродовите се разделиле, едната група продолжила кон Нарвик, а другата на југ.

Во Операцијата било поставено само едно минско поле. Додека бродовите пловеле кон својата дестинација, на 7 април во Хелголандски Залив биле забележани германски бродови и поставувањето мини кај Стадтландет било откажано. Утрото, на 8 април, Британија ги известила норвешките власти за својата намера да постави мини во нивните територијални води. Првата група бродови ја извршила својата задача и поставила минско поле во устието на Вестфјорд. Во 5:15 часот истото утро, сојузниците објавиле извештај во кој ја навеле оправданоста на нивната акција и ги навеле минираните области. Норвешката влада упатила протестно писмо и побарала нивно итно отстранување, но германската флота веќе напредувала кон нивните брегови. Потоа настаните се одвивале многу брзо, така што прашањето за минските полиња станало нерелевантно.

## Последици од Операцијата

Откако операцијата „Вилфред“ била завршена, бродовите кои биле вклучени во неа станале дел од силите за одбрана на Норвешка од германска инвазија .

На 9 април германските трупи ја нападнале Норвешка преку истоварување на војници во главните норвешки населби Ставангер, Осло, Трондхајм, Нарвик и Берген. Истиот ден, германскиот транспортер на железна руда „Икар“, кој се користел за транспорт на луѓе и опрема во Норвешка, ги потопил трупите, а 2. разурнувачка флотила која учествувала во минирањето на Вестфјорд, подоцна се борела со други британски поморски единици во првата битка кај Нарвик, потонувајќи неколку германски воени бродови.

На 14 април 1940 г. британски и француски трупи се спуштиле во Нарвик за да им помогнат на Норвежаните и ги истиснале Германците надвор од градот. И покрај дополнително испратените трупи за сојузниците, помеѓу 18 и 23 април, Норвежаните сепак капитулирале на 9 јуни 1940 година.

Операцијатата „Вилфред“, во суштина не ги спречила Германците да имаат пристап до железната руда, после германската окупација, а Норвешка повеќе не била неутрална територија, па затоа британските бродови и авиони слободно можеле да влегуваат во нејзините територијални води и да ги напаѓаат германските бродови. ■

# Христо Узунов и неговиот чин на саможртвување





Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Меѓу плејадата македонски револуционери кои тргнале по трнливите патеки на борбата за освојување на слободата и чиј живот завршил со чинот на саможртва, се издига горостасната фигура на Христо Узунов, деец на Тајната македонско-одринска революционерна организација (ТМОРО), реонски началник на четите во Охридскиот револуционерен реон, учесник во Илинденското востание и војвода кој ја делел трагичната судбина на народот по крвавото задушување на востанието.

Христо Узунов е роден на 22.10.1878 година во Охрид, а неговиот живот згаснал на 24.4. 1905 година во село Цер, Кичевско. Уште на денот на раѓањето Христо Узунов примил благослов од неговиот тетин, ловороносецот Григор Прличев. Тој го благословил со зборовите: На планина знаме да развиваш! Ти од ропство Македонија да ја ослободиш! Неговата судбина како да била предодредена, така што уште како гимназијалец во Солунската машка гимназија (1896 г.) стапил во редовите на ТМОРО, поттикнат од Дамјан Груев. По враќањето во Охрид (1897 г.), заедно со своето учителствување, неуморно работел на ширењето на мрежата на ТМОРО во Охрид и во околните села. На два наврати бил затворан од османлиските власти, но тоа затворање уште повеќе го зацврснало неговиот дух и безкомпромисната определба да се бори за слободата на својот народ.



После Смилевскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ (19 – 24 април и од 2 до 7 мај 1903 г.), како раководител на Илинденското востание во Охридско, заедно со реонските началници Антон Кецкаров, Наум Цветинов Алексов, Александар Чакоров и Наум Златарев, со огромна енергија ги извршувал подготовките за Илинденското востание: организирање интендантска служба — складови со храна и други намирници, тајни фурни, леарници за патрони, санитетска служба итн. Илинденското востание во градот Охрид било најавено ноќта спроти Илинден со едно писмено предупредување од раководството на Востанието, напишано на турски јазик, дека покренатата



*Анастасија Узунова мајката на Христо*

борба не е против турското население, туку против османлиската власт. Соочени со неспоредливо надмоќниот непријател, и според бројност и според оружје, востаниците се спротивставувале со партизанска тактика: поставувале заседи, ги штителе збеговите и селата, напаѓале ненадејно и се извлекувале по планинските реони.

Христо Узунов учествувал во повеќе борби со османлиските сили –учествувал и во борбите во месноста Сирулски Рид и во одбраната на големиот збег на месното население кај месноста Рашанец. Кај месноста Рашанец востаниците се судриле со 117 четници и со 3.000 војска и башибозук. Слабо вооружени, со малку резерви, востаниците не успеале да го спречат противникот кој користел и артилериски орудија. Во тој крвав бој османлиите имале околу 200 загинати, а востаниците 41 загинат, меѓу кои биле и војводите Аргир Маринов, Андон Узунов, братот на Христо, Наум Златарев и други. На 30 и 31 август 1903 година, османлиската редовна војска и башибозукот извршиле погром врз бегалскиот логор. За многу случувања и жртви во овие востанички денови, дознаваме од белешките на Христо Узунов, кој го бележел името на секој загинат востаник, на секој убиен селанец, на секој предавник кого организацијата го осудувала на смрт.

Под силниот османлиски противудар, Востанието полека згаснувало. Населението се враќало во селата, се прекинувале партизанските дејства и се демобилизирале востаничките сили. Горското началство ја напуштило територијата, а во Охридско останал само раководителот Христо Узунов, споделувајќи ги страдањата на народот, но истовремено работел и на обновувањето на ТМОРО во Битолскиот револуционерен округ. Во овие рамки бил одржан и Прилепскиот подвижен конгрес (крајот на мај – почетокот на јуни 1904 г.), на кој за претседател бил избран Дамјан (Даме) Груев, а за секретар Христо Узунов.

За неговата искрена посветеност кон македонското дело зборува и средбата што ја имал со селаните од с. Куратица, веднаш по трагичниот крај на востанието: „Браќа, сонце сакавме, а ни искра не добивме. Нашата земја се натопи со пепел и крв и, за сè, знаете, јас сум виновен. Еве ви се предавам, убијте ме, предајте ме, што сакате правете со мене...“. На тоа, востаниците му одговориле: „Не, ти не си виновен. Ако раководството даде решение, ние повторно ќе се кренеме...“.

Во втората половина на април 1905 година, во својство на ревизор на Битолскиот револуционерен округ, со цел да се пресмета со предавниците, Христо Узунов заминал за с. Цер, Кичевско, придружуван од страна на 14 добро вооружени четници, меѓу кои и двајца војводи: Ванчо Србаков и Пецо Грнчаров. Предадени од врховистите, тие биле следени и обиколени од османлиите во куќата на Костадиница Стојанова-Паунова, каде што се засолниле. Османлиските сили, преку свештеникот на селото, ги повикале да се предадат, но Узунов не ја прифатил таквата понуда и заедно со своите преживеани соборци се борел до крај. Последните куршуми ги истрелале во себе самите, не сакајќи живи да се предадат на непријателот.



*Фотографија на Григор Прличев,(седи лево) и на Димитар Узунов (седи десно), таткото на Христо Узунов*



*Андон Узунов*

Во миговите пред саможртвениот ритуал, Христо Узунов го напишал своето последно писмо во кое бара чистење на Организацијата од оние кои  нанесувале штета на револуционерното дело. Давајќи ѝ го писмото на домаќинката, Узунов ѝ довикнал: „Последен пат збогум сестро, кажи им на другарите дека славно ќе умрам, смртта е последна кога нема слобода. Нека бидат уверени дека делото ќе победи. Македонија ќе роди нови борци, ние ќе живееме во вашите спомени. Кажете им дека сме предадени“.

Сведок на призорот на самоубиените четници бил Италијанецот Еторе Лоди, кој запишал: „Трупови на 11 млади јунаци, сите со отворени рани по градите и челата. Се самоубија за да не паднат живи во рацете на непријателот. Ми го покажаа војводата. Узунов. Лежеше прострен на подот со раширени раце, а погледот на неговите мртви и отворени очи гледаше горе, во бескрајот. Од челото уште му течеше крв. Тоа не можам никогаш да го заборавам. Во тој момент ја видов Македонија – маченица, голема, непобедлива“.

Подвигот во селото Цер бил достоен крај за еден живот кој целосно бил посветен на борбата за ослободување на македонскиот народ. Христо Узунов бил жесток противник на предавствата на револуционерното дело и на внатрешниот и надворешниот врховизам. Тој, всушност, е само уште една жртва во низата на македонски предавства.

Македонскиот револуционер Христо Узунов ќе остане светла точка во колективната меморија на македонскиот народ како епски јунак за чија храброст треба да учат идните генерации Македонци. ■




Импресивен старт на сезоната на најдобриот спортист во Армијата

# Прво и второ место за Спасиќ на трките од Европскиот куп

Пишува: Борче Лозановски

Фото: ФБ Љубомир Спасиќ

Најдобриот спортист во македонската Армија за минатата година, кајакарот Љубомир Спасиќ, на импресивен начин ја започна натпреварувачката 2025 година. Тој, минатиот месец, во првиот официјален клупски настап годинава, во првото коло од Европскиот куп во Фулда (Германија), го освои првото место во спуст-кану на диви води за сениори над 32 години, како и второто место во класик-спуст. Овие успеси за него претставуваат особена чест и задоволство, но и оптимизам за уште поголеми достигнувања во иднина.

„Моите резултати од Европскиот куп во Фулда ги оценувам како исклучително успешни. Освојувањето на првото место во спринт и втората позиција во класик-спуст се доказ за напорна работа, посветеност и континуиран напредок во моите перформанси. Овие



резултати ми даваат дополнителна мотивација за идните предизвици и потврдуваат дека сум на вистинскиот пат кон постигнување уште поголеми успеси. Секако, секој натпревар носи нови искуства и поуки, кои ќе ми помогнат да се подобрам и во следните трки", вели Спасиќ.

**Кои се Вашите следни предизвици годинава и очекувања од истите?**

„Сезонава ме очекуваат значајни натпревари на кои ќе се стремам да постигнам врвни резултати. Прво е Европското првенство во Мецана (Италија), кое за мене претставува вистински предизвик и ќе дадам се од себе за достојно да се натпреварувам со најдобрите европски спортисти. Потоа, најголем тест ќе биде Светското првенство во Будејовице (Чешка), каде што очекувам силна конкуренција, но и можност за врвен

## Најдобар во Европскиот куп, медали од европски и светски првенства, државен првак

Спасиќ е член на Кајак-кану клубот „Арка-Борец“ од Велес, а во кариерата има постигнато голем број успеси, како на домашна сцена, каде што е повеќекратен државен првак, така и на меѓународни натпреварувања. Списокот на освоени трофеи е долг, а тој, на прашањето кои успеси би ги издвоил како најголеми, вели:

„Со гордост можам да ги издвојам триумфот на Европскиот куп во генерален пласман во 2019 година, кога со одлични настапи завршив на првото место на ранг-листата, станувајќи првиот Македонец кој го освоил овој престижен трофеј. Потоа, бронзениот медал на минатогодишното, прво официјално СП во кајак, спуст-класик (мастерс, категорија), кое се одржа во Саберо (Шпанија).

Во 2024 година освоив и златен медал на Европското првенство во кајак-спуст (мастерс 35+) во Даленвил (Швајцарија), како и четврто место во конечниот генерален пласман. Исто така, би ја издвоил и минатогодишната победа во мојата категорија на Европскиот куп во Франција, додека во сениорска конкуренција го освоив третото место. Огромна чест и мотивација за понатамошна работа за мене е и признанието „Спортист на Армијата во 2024 година“.

Од оваа година сум член и на Комитетот за спуст на Европската кајак асоцијација, што претставува важен чекор за македонското кајакарство и можност да придонесам за развој на овој спорт на европско ниво.

Сите овие успеси се резултат на речиси тридецениска посветеност, тренинг и љубов кон кајакарството, а мојата цел останува континуиран напредок и промоција на спортот во Македонија и пошироко.“



пласман. Покрај овие првенства, важна улога ќе имаат и трките од Светскиот и од Европскиот куп, кои ќе ми помогнат да ја одржам формата и да се подготвам за најголемите предизвици. Очекувам сезоната да биде исполнета со тешки, но возбудливи трки, а мојата цел е континуиран напредок, добри резултати и борба за највисоки позиции“, додава Љубомир.

**За остварување на Вашите големи спортски амбиции, добредојдена Ви е и поддршката од работното место, за да ги усогласите обврските во Армијата и на спортски план.**

„Сега за сега имам голема поддршка. Со последните измени во Колективниот договор за вработените во одбраната, нам, на спортистите, бројот на платени отсуства ни е зголемен. Со тоа добиваме повеќе време за подготвување пред големите натпреварувања за репрезентацијата, што еве носи успеси“, истакнува Спасиќ, кој е вработен во Центарот за индивидуална обука во состав на КОД во Велес.




**Од кога се занимавате со овој спорт и зошто се одлучивте токму за кајакарството?**

„Во кајакарството сум од 1998 година, кога заедно со моите училишни другари започнавме да тренираме и да ја откриваме убавината на овој спорт. Еден од главните фактори што ме привлече кон кајакот е градот Велес, чија специфична конструкција го дели на лев и десен брег преку реката Вардар. Реката отсекогаш била природен дел од нашето секојдневие, а кајакарите во Велес своите тренинзи традиционално ги изведуваат токму на водите на реката Вардар. Кајакарството за мене не е само спорт, туку начин на живот, комбинација од адреналин, природа и предизвици, која ме инспирира и мотивира веќе долги години“, истакна на крајот од разговорот македонскиот кајакарски репрезентативец Љубомир Спасиќ. ■





# „Татко и војник“

Фимот „Татко и војник” (Tirailleurs) е воен филм во француско-сенегалска продукција од 2022 год., режиран од Марио Вадепи.
Приказната се одвива во 1917 година, во времето кога  француските трупи трпат големи загуби. Во тој период на Првата светска војна Владата одлучила да бара надополнување на воена сила од африканските колонии, со цел да ги зајакне своите редови, а меѓу овие колонијални полкови биле и сенегалските „Тираилери“.
„Татко и војник“ моќно допира до својата публика преку ликот на Омар Си, кој го игра Бакари Диало, селанец од Сенегал, кој е родител и бил принуден да се приклучи на француската војска, оставајќи ги семејството и своето секојдневие. Неговиот 17-годишен син, Тиерно (Аласан Дионг), инспириран од идеалите за храброст и борбен дух, одлучува да се приклучи на фронтот, што доведува до конфликт помеѓу него и татко му. Испратени на фронтот, таткото и синот ќе мора заедно да се соочат со војната.
Филмот, не само што го испитува воениот аспект , туку го прикажува и сложениот однос помеѓу таткото и синот.
Соочени со опасност и смрт во „срцето“ на војната, Тиерно  ќе научи да стане маж, додека Бакари ќе направи сè за да го извлече својот син од борбите и да го врати дома здрав и жив.
Се појавуваат прашања за храброста и одговорноста, за напорите на родителот да го заштити своето дете и за желбата на синот да ја докаже својата вредност.
Омар Си прикажува силна емоција на ликот, покажувајќи ја неговата борба за опстанок на она што му е најдрагоцено. Ова создава драма и тензија во нивниот однос, а гледачите ќе можат да ги почувствуваат потешкотиите со кои се соочуваат двата лика.
Овие два лика не се само војници, тие се дел од поголема борба за достоинство и почит, во која народите од колониите се принудени да се борат за туѓи интереси.
Овој филм е важен за да се разбере историјата на овие војни и формации составени од колонијални трупи, како и за влијанието на семејствата и на општеството во целина.
Во филмот е прикажана емоционалната длабочина на главниот лик . Невидливите емоции и хуманоста, прикажани во главниот лик, ги потенцираат главните човекови чувства и емоции преку љубовта ,стравот и дилемата, а големата глумечка способност и квалитет на актерската екипа овозможува сите ликови да добијат максимална реалност и објективност .
Филмот ја нагласува важноста на семејството, на пријателството и на поддршката во тешки времиња, бидејќи гледачите не ја гледаат само воената реалност, туку и навлегуваат во човечките аспекти кои ја прават животната борба поднослива.
Овој филм, со својата режија и изведба, остава силен впечаток, оставајќи ја публиката со длабоки размислувања за љубовта, за загубата и за хаосот на војната. ■

**Режија:  Матије Вадепид, Сценарио: Оливие Деманџел и косценарист Матије Вадепид, Жанр: Драма, Улоги: Омар Саи, Аласан Дионг, Џонас Блокет, Музика: Александар Десплат, Продуценти: Омар Сај и Бруно Нахон. Производство:„UnitéКорокоро“, Дистрибутери: „Гомон“ (Франција) „Pathé BC Afrique“ (Сенегал), Година: 2022,(Филмски фестивал во Кан), Времетраење: 109 минути, Земји: Франција и Сенегал, Јазици: Француски, Фулани, Буџет: 14 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова



Франсоа-Никола Шифларт е француски сликар и илустратор .Тој е роден на 21 март 1825 година во Сен Омер. Неговиот татко бил бравар, кој исто така бил познат по својата вештина како резбар, којшто работел за Луис Фиоле, значаен производител на тутунски цевки. Тој го запознал својот син и со техниката на графиката. Франсоа почнал да ја изучува уметноста во општинското училиште за дизајн уште на рана возраст. Во 1844 година тој започнал да се школува во „École des Beaux-arts“ и му станал студент на Леон Когние. Франсоа-Никола Шифларт го освоил третото место на натпреварот за наградата на Рим во 1850 година за неговата слика „Зенобија на бреговите на Арас“, а следната година е награден со прво место за сликата „Периклис на денот“. Набргу потоа тој започнал да се бунтува против принципите на академизмот од тоа време, фокусирајќи се повеќе на дизајнирање и на гравирањето. Неговите илустрации за Фауст биле особено забележителни и биле пофалени од Бодлер. Подоцна, во 1867 година, тој се запознал со Виктор Иго и започнал нова кариера како илустратор. Франсоа Шифларт помогнал да се дизајнираат илустрации за „Hugo Toilers of the Sea“ (изгравирани од Fortuné Méaulle) и за новото издание на „The Hunchback of Notre-Dame“. Поради жестоките критики кон Наполеон III за време на Француско-пруската војна, тој загубил поголем дел од клиентите и паднал во заборав од кој никогаш целосно не заздравел. И покрај тоа, сепак една улица во Сен Омер е именувана по него. Франсоа-Никола Шифларт починал во 1901 година во Париз. ■



Пишува: м-р Трајче Чатмов

Иван Попов (с. Лески, Пиринско 1871 г. – Софија, 1921 г.), со псевдоним Родопски, е македонски револуционер и војвода на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација во Костурско. Гоце Делчев го испратил Иван Попов за командант на Организацискиот одред за агитација во Костурската револуционерна околија во 1902 година, а на Смилевскиот конгрес бил избран за централен војвода во Костурско. Бил учесник во Илинденското востание од 1903 година. Сè до почетокот на Балканските војни, тој бил војвода во Костурско. Починал во Софија 1921 година. Портретот е направен во 1903 година, непосредно пред Илинденското востание.



Staклена плоча, негатив. Приватна архива на Диме Ратајкоски